Контактната зона опфаќа појас со ширина од околу 100 м и се движи околу старото градско јадро, поточно на исток, север и северозапад од јадрото. Границите се точно обележани во графичкиот прилог и за зоната е **предвиден режим на заштита од трет степен.**

Надвор од строго заштитеното јадро бројни се поединечни споменици на културата од кои некои се археолошки локалитети, а други се објекти со одредени архитектонски вредности адекватни на времето на градба на објектите.

Исто така се одбележани и **резервирани археолошки зони** кои се со **режим на заштита од прв и втор степен**, без оглед на тоа дека дел од нив излегуваат надвор од границите на опфатот на ГУП.

11.6. Извод од листата на 100 најзагрозени споменици на културата на кои се потребни итни конзерваторско - реставраторски интервенции во опфатот на градот Охрид

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во 1996 година ја промовира идејата за обнародување на т. н. в С. О. С. Листа на

100 споменици на културата на кои се потребни итни конзерваторско реставраторски интервенции.

Оваа Листа предочува само еден аспект на заштита - физичката, односно техничката или непосредната заштита. Таа не се однесува на состојбата со документираноста на градителското наследство. С. О. С. Листата е изготвена врз основа на стандардните критериуми што се применуваат и при составувањето на годишните програми за работа: (а) значење на споменикот на културата; (б) степен на загрозеност и (в) континуитет на работите. При тоа, Листата е сведена на симболична бројка (100), повеќе во пропагандни цели, односно со цел за сензибилизација на јавноста и на централните и локалните власти, отколку како јавна книга што ја изразува фактичката состојба на загрозеност на културното наследство. Имено, бројот на спомениците на културата што заслужуваат конзерваторски третман е значително (4 -5 пати) поголем од бројката што овде е симболично назначена. Дел од набележаните интервенции е извршен во периодот после 1996 година, со Што е докажана и исправноста на обнародувањето на С. О. С. Листата на 100 споменици на културата на кои се потребни итни конзерваторско реставраторски интервенции.

01 - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ

(17) *0117 - Базилика "Дебој"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со решение бр. 07-57/1 од 28. 03. 1968 година, во Централниот регистар запишан под рег. бр. 924, со матичен бр. 4-819-038/64 РНД.

Локалитетот претставува базилика со сочувани подни мозаици. Археолошки ископувања и истражувања се вршени во 1978/79 година. Потребно е да се изврши конзервација и дислокација на мозаиците. Постои елаборат за конзервација и Проект за дислокација.

02 - ТВРДИНИ

(18) *0201 - Самуилова тврдина*

Споменик на културата ставен под заштита на законот со решение бр. 07-51/1 од 22. 03. 1968 година, во Централниот регистар на недвижни споменици на културата запишан под рег. бр. 919, со матичен број 4-819-038/21 Р НД.

Денешната форма на Охридската тврдина е од времето на Самоил, со бројни уривања и поправки за време на византиското и османлиското владеење. Меѓутоа, историјата на оваа тврдина датира далеку пред Самоиловиот период.

Овој споменик на културата не е целосно истражен. Археолошки ископувања и истражувања се вршени во 1964 год. и во периодот 1994-1996 година. На одредени делови на тврдината се вршени превентивни и конзерваторски работи од помал обем.

За заштита на овој споменик на културата и негова ревитализација се покренувани повеќе неуспешни иницијативи. Оваа споменична целина е во исклучително лоша состојба.

Потребно е да се спроведат заштитни, но и систематски археолошки ископувања и истражувања, според изготвениот елаборат, но и обемни конзерваторско - реставраторски работи на sидините и кулите.

Забелешка: Најголемиот дел од набележаните интервенции е изврШен, а истражувањата се во тек и продолжуваат.

03 - ЦРКВИ

(23) *0301* - "*Св. Пантелејмон*"

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-21/1 од 101 година, во Централниот регистар запишан под бр. 12. 03. 1968, со матичен бр. 4-819-038/39 РНД.

Овој споменички комплекс е познат како Климентов манастир, со повеќе фази на градба. Со археолошките ископувања вршени 1943 и 1965 година е утврдено постоење на повеќе ранохристијански цркви што постоеле пред доаѓањето на Св. Климент во Охрид. Во рамките на ранохристијанската базилика, во IX век, Св. Климент ја обновил малата црква-триконхос, а по интензивирањето на црковниот живот за негово време, до неа е dосидана друга, со неправилна правоаголна форма. На горната страна од тој dосидан објект се наоѓа гробот на Св. Климент. Двете цркви подигнати од Св. Климент подоцна претрпуваат преправки. Во XV век климентовата црква е претворена во џамија, а во првата половина на XVI век, повторно е обновен климентовиот манастир (а џамијата срушена). Кон крајот на XVI или во почетокот на XVII век повторно е урната црквата и на нејзино место е изградена џамијата Имарет чии остатоци се сочувани до денес.

За заштита на овој значаен споменик на културата, во 1966 година е поставен монтажен кровен покривач. Меѓутоа тој е денес во лоша состојба и не ја врши својата функција, со што се загрозува внатрешноста на споменикот.

Потребни се итни зафати на привремениот кров и одредени интервенции врз другите содржини на објектот.

Забелешка: Исцело е возобновен храмот на Св. Климент и Св. Пантелејмон, истражено е и уредено неговото непосредно опкружување, а во тек е и уредувањето на поширокото окружување на локалитетот.

(24) *0302* "*Св. Богородица Перивлепта*" (*"Св. Климент"*)

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-19/1 од 12. 03. 1968 година, (ново решение) во Централниот регистар запишан под бр. 77, со матичен бр. 4-819-038/38 РНД.

Црквата е изградена во XIII век, живописана 1295 година од зографите Михајло и Ефтихие. Споменикот е значаен по својата архитектура, (начинот на градба) и особено по извонредниот живопис.

Овој споменик бил конзерваторски третиран во повеќе наврати: 1951/53, 1960/62, 1965, 1975/76, 1985/86, 1988 и 1991 година. Во поглед на архитектурата објектот е целосно заштитен. Меѓутоа сериозен проблем претставува процесот на шалитрација (појава на соли) на фреско - живописот.

Потребна е итна конзерваторска интервенција на фреско-живописот на целиот објект.

Забелешка: Дел од набележаните интервенции е извршен.

(25) *0303 - "Св. Софија"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-18/1 од 12. 03. 1968 година, во Централниот регистар запишан под бр. 80, со матичен бр. 4-819-038/31 РНД.

Црквата "Св. Софија" е една од најголемите средновековни цркви во Македонија, подигната во XI век. Долго време била соборна црква на Охридската архиепископија. Споменикот на културата е значаен по својата архитектура, фреско-живопис и црковната и културната историја на Македонија.

Досега во повеќе наврати се вршени конзерваторски интервенции од различен вид и обем. Најсложениот конзерваторски зафат (враќање на горниот ѕид во првобитна положба) е извршен 1950 година, а во наредните неколку години и реконструкција на живописот. Во периодот 1982/87 година, во рамките на посебен научен проект, се вршени истражувачки работи од различен вид. Интервенции на кровот се вршени во 1980, 1991 и препокривање 1994/96 година.

Потребни се конзерваторско - реставраторски работи на архитектурата и фреско - живописот, вклучувајќи ги и симнатите фрагменти на живописот.

Забелешка: Дел од набележаните интервенции е извршен.

(26) *0304 - "Св. Димитрија"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-25/1 од 13. 03. 1968 година, во Централниот регистар запишан под бр. 74 , со матичен бр. 4-819-038/43 РНД.

Црквата е изградена и живописана во XIV век. Претставува мала еднокорабна црква.

Во 1992 година се извршени конзерваторско - реставраторски работи на архитектурата.

Потребно е да се изврши конзервација на фреско - живописот.

(27) *0305 - Мал "Св. Климент"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-31/1 од 15. 03. 1968 година, во Централниот регистар запишан под бр. 78, со матичен бр. 4-819-038/75 РНД.

Објектот претставува мала, еднокорабна црква, изградена во XIV век.

Заради стабилност на објектот се поставени контрафори, но и покрај тоа денес има отклонување на јужниот ѕид. Постои проект.

Потребно е изведување на конзерваторско-реставраторски работи на архитектурата.

(28) *0306 - "Св. Богородица Челница", Охрид*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-29/1 од 15. 03. 1968 година, во Централниот регистар запишан под бр. 71 со матичен бр. 4-819-038/33 РНД.

Црквата претставува двокорабна градба, единствена во Македонија со остатоци од фреско-живопис од XIV век. Во 1862 год. во оваа црква Дичо Зограф ја исликал композицијата "Успение на Богородица".

На овој Објект, досега се вршени само археолошки истражувања и конзервација на фреско-живописот од постариот период.

Кровниот покривач е во лоша состојба, како и архитектурата во олтарниот дел. Проект не е изготвен.

Потребни се итни интервенции на архитектурата и фреско-живописот.

14 - ДРУГИ ОБЈЕКТИ

(97) *1401 - "Куќа на Уранија"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со решение бр. 13-667/1 од 12. 09. 1996 година, во Централниот регистар запишан под рег. бр. 972 со матичен бр. 4-819-038/150 РНД.

Објектот е од XIX век, денес во функција како етнолошка поставка и галерија на современа уметност.

На објектот се вршени конзерваторско - реставраторски работи во два наврати: 1951/52 и 1988 година.

Состојбата на објектот статички и асеизмички не е поволна.

Потребна е итна санација.

(98) *1402 - "Музеј на словенска писменост"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со решение бр. 13-669/1 од 12. 09. 1996 година, во Централниот регистар запишан под рег. бр. 973 со матичен бр. 4-819-038/151 РНД.

Објектот е од XIX век, некогашно училиште, денес во функција Музеј на словенската писменост.

Конзерваторско - реставраторски работи се извршени 1984 година. Музејот сега е затворен поради изведување на градежни работи на подовите.

Потребно е континуирано одвивање на работите, заради што побрзо реализирање.

Забелешка: Дел од набележаните интервенции е извршен, но објектот се здобил со нова намена: Дирекција на проектот Заштита на Охридското Езеро.

(99) *1403 - "Галерија на икони"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со решение бр. 13-670/1 од 12. 09. 1996 година, во Централниот регистар запишан под рег. бр. 974 со матичен бр. 4-819-038/152 РНД.

Реконструкцијата на објектот е извршена 1981/83 година и објектот е ревитализиран со функција на галерија за икони.

Објектот е во добра состојба, меѓутоа треба да се изготви проект за презентација на иконите на друг начин, различен од сегашниот.

Исто така е потребно да се извршат конзерваторски работи на иконите од охридската збирка, чија состојба е влошена заради несоодветните услови на чување.

Забелешка: Извршена е целосна реконструкција на објектот.

III ПЛАН НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ПРОСТОРОТ

1. УРБАН МОДЕЛ - КАРАКТЕРИСТИКИ И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ПРОСТОРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ

Дефинирање на моделот на идната организација и дистрибуција на содржините на територијата на градот представува финална фаза во процесот на изработката на Генералниот урбанистички план на градот. Основа за дефинирање на моделот е идентификација на потребите извршена во овој план, а со помош на соответни критериуми, нормативи и стандарди, како и нивната квантификација и просторна дисперзија. Едновремено, преку изборот на моделот и дефинирањето на стратегијата на просторната редистрибуција ќе се разрешуваат и дилемите и колизиите помеѓу јавните интереси и потребите на независните фактори или институции.

Моделот на просторната организација на градот подразбира дефинирање на моделите на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот.

Усвоените модели по кои ќе се одвива развојот на најважните градски функции предвидуваат:

- да се изврши нова административно - територијална поделба на градската територија на Урбани заедници која ќе кореспондира со територијалната поделба на урбани едници во поглед на границите, редниот број и местоположба (пример: Урбана Единица 1 - Стар град да биде Урбана заедница 1 - Стар Град), при што да се има пред вид дека бројот на урбани единици по ОУП од 1963 година бил 11, а бројот на Месни заедници според ОУП од 1989 година бил 17, што значи дека за шест Урбани заедници ќе треба да се определи нов број - покрај називот што веќе го имаат.
- подобрување на стандардот на домувањето, егализација на животните услови на целата територија на градот, супституција на станбениот фонд со низок квалитет, реконструкција на станбениот фонд со низок квалитет, елиминирање на процесот на бесправна градба, инфраструктурно екипирање;
- просторно - физичко дооформување и докомплетирање на стопанските зони и нивното инфраструктурно екипирање со целосно почитување на принципите и критериумите за заштита на животна средина и одржлив развој;
- воедначување на просторната дисперзија на нестопанските дејности и фукции на општествената надградба (општествен стандард, терцијарни дејности и јавни функции) и подобрување на нивниот квалитет;
- формирање на систем на центри во градот со различно ниво на фукционална екипираност во зависност од нивното хиерархиско ниво;

- оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување на граѓаните преку формирање и уредување на јавни зелени површини, рекреативни терени и комплекси и спортски центри;
- екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи во функција на ефикасно водоснабдување, елиминирање на отпадни води, регулација на површински водотеци и далечинско затоплување;
- сообраќајниот систем на градот да се прилагоди на планираниот систем на магистрални и регионални сообраќајници во овој дел од државата, со посебен акцент на сообраќајна поврзаност со Струга и со крајбрежјето на езерото;
- заштита на културно-историското и градителско наследство на градот;
- ефикасна примена на системот за управување на животната средина и насочување на процеси со цел да се постигнат оптимални ефекти на глобален и локален план;

1.1. Граница на урбаното подрачје

Граница на опфатот на ГУП ги детерминира опфатот и површината на земјиштето кое се резервира за развојот на урбаните содржини за планскиот период . Таа представува краен резултат на вкупниот процес на планирањето на долгорочниот просторен развој на градот во кој покрај планерскиот тим се вклучени и сегашните и потенцијални корисници на просторот и локалната власт преку процесот на донесувањето на планот.

Градската територија е ограничена со природни и со од човек воспоставени граници:

од југ и запад - по брегот на езерото во потегот од вливот на реката Дањан на север до вливот на каналот Рача на југ

од југ и исток - границата води по јужниот брег на регулираниот канал Рача до осовината на Булеварот Св. Стефан, по неа до источната регулациона линија на улицата од Туристичкиот локалитет Горица - Св. Сефан што води кон Св. Наум по која води до улицата од Туристичкиот локалитет Горица - Св. Сефан што води кон Конско се до следните катастарски парцели од К.О. Велестово: КП 6034, 526, 528,529, па по осовината на постојното локално патче се до КП 3018, повторно по патчето, КП 3024, пак патче, па КП 1541, 1534 (дел), 1533, ја сече улицата СЕ 16.2. , па по патчето, КП 1495, 1492, 1491, 1490, 1489, 1488, јужен брег на каналот Рача, го сече каналот Рача, КП 572, 565,569,568,2976,2975,по постојното патче до до КП 2964, потоа КП 2963, 2962, 2960, 2905, 2903, 2899, 2898, 2889, 2888, 2885, 2883, 2884, 2879, 2875, 2874, 2864, 494, 482, 483, 484, 485, 486,487, 470, 471, 472, 2734, 2733, 2732, 2731, 2728, 2727,455,451,452,453,454,307,2717,2715, потоа патче до КП 2606, пак по патчето до осовината на СЕ 16.1., по неа на југ до КП 2599, па 2598, 2597, 2589, 2588,2587, 2585, па по патчето се до осовината на улицата С-12 (патот за Велестово) по чија осовина границата води кон север се до пресекот со улицата СЕ 8.3. (кај Спортското стрелиште) по која оди до пресекот со магистралната улица М-3 Бејбунар, 1557, 1567, 1568, 1569, 1571, 1570, 1600, 1601, 1604, 1603, 1602, 1617,1619, 1620, 1621, 1622, 1623, 1624,

1625, 1626, 1627, 1628, 1629, 1630, 1631, 1632,1633, 1454, 1453, 1452, 1448, 1450, 1449, 1415, 1414, 1412, 1411, 1410, 1409, 1408, 1407, 1412, 1413, 1406, 1405, 1402, 1396, 1394, 1393, 1392, 1391, 1384, 1380, 1379, 1365, 1364, 1363, 1316, 1317, 1318, 1319, 1320, 1321, 1322, 1323, 1326, 1327 и излегува на осовината на М-3. (Напомена: опишаната граница од КП 1551 до 1327 представува граница на населбата Бејбунар утврдена со ДУП). По осовината на М -3 до пред крстосницата со улицата СЕ 11.3. по границата на КП 4757,4756,4755,4754,4753, па до јужната страна на патчето 1307 кон исток го сече патчето , кон север па КП 554,553,549,548,547,дел од КП 541, па по локалното патче кон север до северниот брег на регулираното корито на реката Сушица (Летница) до пресекот со улицата С-8 Македонска, преминува на осовината на улицата СЕ 15-1 Мирка Гинова до осовината на улицата СЕ 15.4. Живко Чнго до катастарските парцели на К.О. Велгошти: КП 1564, 1559, 1557, 1556, 1553, па по осовините на улиците планирани со постојниот ДУП за УЗ 15. Корпус - дел оди кон север до границите на КП 1588, 1601, 1602, 1605, излегува на осовината на улицата СЕ 15.2. А. Турунџе и по осовините на улиците планирани со постојниот ДУП за УЗ 15. Корпус - дел, оди кон север до осовината на улицата СЕ 15.3. По неа оди кон исток до осовината на локалниот пат што води кон север се до границата на КП 878 К.О.Лескоец..

од север и запад - границата води по северната граница на КП878, К.О. Лескоец, па по северната граница КП 862, 861, 860, 859, 858, 857, 2494, 2492 и 2493, и излегува на осовината на улицата М -4 15. Корпус по која оди до северната граница на КП 1583, па по границите на КП 252, 253(дел), 1582, 1581, 1598, 1600, 1601, 1602, 1603, 1604, 1605, 1606, 1607, 1548, 1547, 1535, 1534, 1533, 1530, 1529, 1528 до осовината на собирната улица С - 7 Петрино, по која оди кон југ до КП 1720, 1719, 1718, 1722, 1726(дел), 1725, 1916, 1904, 1903, 1902, 1901, 1899, 1898, 1897, 1896, 1895, 1894, 1883, 1884, 1881, 1770, 1768, 1779, 1781, 1442, 1443, 1440, 1433, 1398, 1399, 1284, 1286, 1292, 1297, 1298, 1266, 1270, 1269, 1279, 1278, 1277, 1275, 1274, 429(дел), 430, 433 (дел), 1272, 1259, 1258 и до осовината на улицата СЕ 14.2. по која оди кон север до границата на КП 461, па 462, 459, 468(дел), 458, 455/1, 454, 456 (дел), 457 (дел), 655, 659, 661, 662, 663, 664, 665, 666, 667, 670, 1239, 1238, 1237, 1236, 676(дел), 677 (дел), 678 (дел), 1122, 1121, 1120, 688(дел), 689(дел), 690(дел), 692, 698, 703, 704, 572, 575, 576, 584, 685, 651, 649, 648,623, 622, 624(дел), 616, 609, 608, 607, 519, 505, 506, 507, 508, 516, 512, 511, па излегува на постојна уличка која е едновремено и граница со К.О. Лакочереј , по која води до осовината на сервисната улица СЕ 14. 1. Р. Новичич. По оваа осовина границата води кон југ до границата на КП 721, па покрај КП 720, 719, 718, и 716 излегува на осовината на СЕ 14.1. Р. Новичич - крак по која води кон југоисток до пресекот со границата на КП 2136, па 2135, 2134, 2133, до осовината на СЕ 14.4. Р. Новичич - крак по која оди кон југ до пресекот со КП 3540, па на запад по 3539, 3084, 3082, 3081, 3076, 3077, 3078, го сече регулираното корито на реката Летница и сервисниот пат што како насип води покрај коритото се до вливот во р. Даљан, па по границите на КП 3071, 3070, 3069, 3068, 3059, 3067, 3060, ја сече КП 3054, па по брегот на поранешното корито на Летница до КП 3189, сече постоен пристап, оди кон југ по КП 3019, 3020, 3010, 3006, 3005, 3003, 3002, 2999, 2998, 2994, 2987, 2986, 2980, 2979, 2978, 2977, 2971, 2969, 2968, 2964, 2963, 2962, 2849, 2851, 2853, 2856, сече постоен пристап, па по КП 2857, 2858, 2859, 2860, 2861, 2862, сече

постоен пристап, па по КП 2924, 2920, 2919, сече патче,па по КП 2888, 2890, 2893, па по брегот на поранешна рекичка до КП 4084, ги сече следните КП: 2909, 2910, 2768, 2767, 2766, 2765 и 2764, па по границите на КП 2763, сече дел од КП 2769, сече постојно патче, па оди по КП 2733, сече постоен пристап, па по КП 2739, 2738, 2737, 2736, 2735(дел) и излегува на осовината на сервисната улица СЕ 5.4. Хаџи Мустафа, па по КП 2714 излегува на регулираната река Даљан и ја сече.Потоа оди на југ до постојниот мост (Алтанин мост), па по него на север по дел од КП 1187и КП 1193, па скршнува на запад до постојниот пат што ја дели К.О. Охрид од К.О. Лакочереј, го сече, па оди по дел од неговата осовина на север, па продолжува на југозапад до КП 2397/2, продолжува по нејзината западна граница, па по КП 2397/1, КП.2403, КП 2406, КП 2408, КП 2410, оди на југ и зафаќа дел од КП 2420, до КП 2426, па по КП 2426, КП 2429, па пак на југ до постојно земјено патче, па зафаќа дел од КП 2487 и оди до КП 2621, па дијагонално ја сече неа, па пак по КП 2487 која повторно ја сече до КП 2493 и продолжува по нејзината граница до пресекот со осовината на планираниот коловоз на магистралниот пат М-5, па на југоисток до пресекот со регулираното корито на реката (на пресекот со постојната петелка на влез во Охрид).

од запад - Од пресекот оди по западниот брег на регулираната река Даљан до вливот во Охридското Езеро.

Вкупната површина на опфатот во опишаните граници изнесува 1.283,39 Ха

1.2. Урбан модел - основна поделба на територијата на градот

Дефинирањето на урбаниот опфат и основната територијална поделба извршени се со оптимално почитување на поставките на претходните плански документи - Основните урбанистички планови од 1973 и 1989 година, а многу значаен фактор е примарната улична мрежа која, главно, ги детерминира просторно-административните единици.

Во планираната организација на градот Урбаните заедници и понатака остануваат просторно - административни единици. Потребно е да се одбележат разликите помеѓу до сега постојната територијална поделба и планираната со овој план:

1. УЗ Стар Град - не се менуваат границите и површината
2. УЗ Центар - во неа се поранешните УЗ Центар и УЗ Долна Влашка Маала од која ќе се изземе Спортскиот центар Биљанини Извори
3. УЗ Кошишта - се менуваат границите, се наголемува површината
4. УЗ Воска - се менува границата и се наголемува површината
5. УЗ Лескајца - се менува границата и се наголемува површината
6. УЗ Даме Груев - останува во истите граници и со иста површина
7. УЗ 7-ми Ноември - постојната УЗ 7 - ми Ноември се дели на две УЗ од кои јужната го задржува називот, а северната добива име УЗ 8-ми Септември. Истовремено кон неа се припојува дел од УЗ Железничка Населба, со што се наголемува вкупната површина
8. УЗ Биљанини Извори - минимално се менуваат границите

9. УЗ 8-ми Септември - Урбана заедница формирана од дел на поранешната УЗ 7-ми Ноември, со ново име
10. УЗ Горна Влашка Маала - останува со истите граници и површина
11. УЗ Видобишта и Илинден - се спојуваат во една УЗ
12. УЗ Гоце Делчев - ги задржува границите и површината
13. УЗ Железничка Населба - од јужната страна границата се повлекува по ул. Железничка, од северната страна новата граница е до границата на градската територија со која во овој дел се поклопува
14. УЗ 15-ти Корпус - границите кон север и исток се поклопуваат со границите на градската територија
15. УЗ Радоица Новичич - сите граници освен јужната се поклопуваат со границите на градската територија
16. УЗ Рача - останува со постојните граници и површина
17. УЗ Студенчишта - во неа ќе се приклучи Спортскиот центар Биљанини Извори, а истиот се одделува од УЗ Долна Влашка Маала, останатите граници се задржуваат
18. УЗ Чекоштина -порано викана приградска населба- се вклучува за прв пат во границите на опфатот на градот со граници на претходниот ОУП корегирани по катастарски парцели.

Во суштина, новата територијална поделба во најголема мерка базира врз системот на примарните улици, а кореспондира со поранешната поделба на **урбани единици** чии броеви ги носат **новоформираните Урбани заедници.**

Вкупната површина на опфатот од 1.283,39 Ха поделена е на 18 - те Урбани заедници со следното учество:

ред.бр.	**просторно - функционални единици - Урбани заедници**	**Површина Ха**	**Учество %**
УЗ 1.	Стар Град	70.27	5,48
УЗ 2.	Центар	61,20	4,78
УЗ 3	Кошишта	43,52	3,39
УЗ 4.	Воска	96.81	7,55
УЗ 5.	Лескајца	74,97	5,85
УЗ 6.	Даме Груев	34,21	2,66
УЗ 7.	7-ми Ноември	27,92	1.76
УЗ 8.	Биљанини Извори	56,15	4,37
УЗ 9.	8- ми Септември	67,22	4,93
УЗ 10.	Горна Влашка Маала	45.64	3,55
УЗ 11.	Видобишта	98.84	7,76
УЗ 12.	Гоце Делчев	55,47	4,33
УЗ 13.	Железничка Населба	93.25	7.36
УЗ 14.	Радоица Новичич	86.75	6,76
УЗ 15.	15 - Корпус	159.22	12,43
УЗ 16.	Рача	65.34	5.19
УЗ 17.	Студенчишта	111.66	8,71
УЗ 18	Чекоштина	38.95	3,14
	вкупно	**1.283.39**	100,00

Површините на сите Урбани заедници се поголеми од 30 Ха и согласно "Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичката обработка на плановите" поделени се на помали урбани блокови чии граници се определени со постојната или планирана улична мрежа. На тој начин се формираат помали просторни целини чие понатамошно детално урбанистичко планирање е далеку поефикасно и пореално.

1.3. Систем на Урбани заедници - просторно - административни единици

УЗ 1 - Стар Град

Урбаната заедница Стар Град (поранешна Урбана едница 1) го завзема средишниот дел од крајбрежјето и се граничи со:

- од исток -Булевар Македонски Просветители
- од север - Булевар Туристичка
- од запад - ул. Пирин Планина, Кирил и Методи, собирната улица С - 9 и реката Грашница
- од југ - Охридското Езеро

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 70,27 Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 1.1. ограничен со улиците Булевар Македонски Просветители, дел од Даме Груев, плоштад Чинар, Гоце Делчев, Кирил и Методи, Горна Порта, Илинденска и Езерото со вкупна површина од 25,48 Ха сметано по осовините на обемните улици и линијата на брегот

УБ 1.2. ограничен со улиците Илинденска до Горна Порта, собирната улица С- 9 Кирил и Методиј до Западното крајбрежје, реката Грашница и бреговата линија на Охридското Езеро, со вкупна површина од 35,32 Ха сметано по осовините на обемните улици и линијата на брегот

УБ 1.3. - Градско Пазариште - ограничен со Булевар Македонски Просветители, дел од Даме Груев, плоштад Чинар, Гоце Делчев, Абас Емин и Булевар Туристичка со вкупна површина од 3,73 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 1.4. ограничен со ул. Пирин Планина, Кирил и Методи , Абас Емин и Булевар Туристичка со вкупна површина од 5,82 Ха сметано по осовините на обемните улици.

При планирањето на поделбата по урбани блокови на УЗ 1 Стар Град почитувана е веќе создадената функционална поделба на најстарата градска организациона единица Стар Град. Урбаниот блок УБ 1.2. со својата површина од 35,32 Ха ја надминува со Правилникот за нормативи за уредување на просторот препорачаната големина од 30,00 Ха, но со оглед дека истиот представува една историска и културна целина и дека на ниво на детално урбанистичко планирање би требало да се третира интегрално, преложено е да биде една урбанистичка целина - урбан блок.

УЗ 2 - Центар

Урбаната заедница Центар (поранешна Урбана едница 2) го завзема источниот дел од крајбрежјето и се граничи со:

- од запад - Булевар Македонски Просветители
- од север - Булевар Туристичка
- од исток - Булевар АСНОМ
- од југ - Охридското Езеро

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 61,20 Ха поради што е поделена на шест Урбани Блока и тоа:

УБ 2.1. ограничен со улиците Булевар на Македонски Просветители, Партизанска, Јане Сандански и Кеј Маршал Тито, со вкупна површина од 8,38 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 2.2. ограничен со улиците Булевар на Македонски Просветители, Партизанска, Јане Сандански и Димитар Влахов со вкупна површина од 9,49 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 2.3. - ограничен со Булевар на Македонски Просветители, Булевар Туристичка и Димитар Влахов со вкупна површина од 15,18 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 2.4. ограничен со ул. Јане Сандански, Кеј Маршал Тито, Булевар АСНОМ и Партизанска со вкупна површина од 10,19 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 2.5. ограничен со Булевар Туристичка, Булевар АСНОМ, Партизанска и Јане Сандански со вкупна површина од 13,98 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 2.6. - крајбрежен појас - ограничен со Кеј Маршал Тито од Булевар на Македонски Просветители до Булевар АСНОМ и Езерото со вкупна површина од 3,98 Ха сметано по осовините на обемните улици и линијата на брегот

УЗ 3 - Кошишта

Урбаната заедница Кошишта (поранешна Урбана едница 3) се граничи со:

- од запад - ул. Бистрица
- од север - Булевар Туристичка
- од исток - Пирин Планина, Кирил и Методи, собирата улица С - 9
- од југ - Васил Стефоски

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 43,52 Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 3.1. ограничен со улиците Бистрица, Булевар Туристичка, Гоце Делчев и И. Дудановски, со вкупна површина од 17,95 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 3.2. ограничен со улиците Бистрица, Гоце Делчев, Васил Стефоски и И. Дудановски со вкупна површина од 9,77 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 3.3. ограничен со Булевар Туристичка, И. Дудановски , Абас Емин и Гоце Делчев, со вкупна површина од 10,43 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 3. 4. ограничен со Гоце Делчев, Кирил и Методи и собирата улица С - 9, со вкупна површина од 5,37 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 4 - Воска

Урбаната заедница Воска (поранешна Урбана едница 4) завзема најголем дел од западното крајбрежје и се граничи со:

- од запад - реката Даљан - границата на опфатот на градот
- од север - Булевар Туристичка, клучка
- од исток - Бистрица
- од југ - Охридското Езеро, реката Грашница

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 96,81 Ха поради што е поделена на седум Урбани Блока и тоа:

УБ 4.1. ограничен со улиците Бистрица, Гоце Делчев, крак на Гоце Делчев што води кон езерото и Васил Стефоски со вкупна површина од 8,90 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 4.2. ограничен со улиците, Гоце Делчев, крак на Гоце Делчев што води кон езерото, Васил Стефоски и Трајче Трајчески, со вкупна површина од 11,33 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 4.3. - ограничен со Гоце Делчев, Васил Стефоски, Распаќе и Трајче Трајчески, со вкупна површина од 8,38 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 4.4. ограничен со реката Даљан (дел од границата на опфатот на градот) и улиците Гоце Делчев, Распаќе и Булевар Туристичка со вкупна површина од 16,65 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 4.5. ограничен со Булевар Туристичка и улиците Никола Русински, Гоце Делчев и Распаќе, со вкупна површина од 15,15 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 4.6. - ограничен со Булевар Туристичка и улиците Никола Русински, Гоце Делчев и Бистрица, со вкупна површина од 14,39 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 4.7. ограничен со реката Даљан (дел од границата на опфатот на градот), улицата Васил Стефоски, реката Грашница и брегот на Охридското Езеро со

вкупна површина од 23,97 Ха сметано по осовините на обемните улици и линијата на брегот

УЗ 5 - Лескајца

Урбаната заедница Лескајца (поранешна Урбана едница 5, но значително наголемена) го завзема западниот дел од градската територија и се граничи со:

- од северозапад - Железничка, клучка
- од исток - Пирин Планина
- од југ - Булевар Туристичка

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 74,97 Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 5.1. ограничен со Булевар Туристичка, клучката и улиците Железничка и Бистрица, со вкупна површина од 18,53 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 5.2. ограничен со улиците Булевар Туристичка и улиците Бистрица, I. Градски Ринг и И. Дудановски со вкупна површина од 10,21 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 5.3. - ограничен со Булевар Туристичка и улиците I. Градски Ринг, Пирин Планина и И. Дудановски со вкупна површина од 12,48 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 5.4. ограничен со ул. Бистрица, Железничка, I. Градски Ринг и Пирин Планина со вкупна површина од 33,75 Ха сметано по осовините на обемните улици

При планирањето на поделбата по урбани блокови на УЗ 5 Лескајца почитувана е веќе создадената функционална поделба извршена со донесените детални урбанистички планови за Урбаните блокови УБ 5.1., УБ 5.2. и УБ 5.3. Со својата површина од 33,75 Ха УБ 5.4. ја надминува со Правилникот за нормативи за уредување на просторот препорачаната големина од 30,00 Ха, но со оглед дека за овој урбан блок до сега воопшто не е изработуван ДУП, преложено е да биде една урбанистичка целина - урбан блок кој на ниво на детално урбанистичко планирање би требало да се третира интегрално.

УЗ 6 - Даме Груев

Урбаната заедница Даме Груев (поранешна Урбана едница 6) го завзема средишниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север - I. Градски Ринг
- од исток - Јане Сандански
- од југ - Булевар Туристичка
- од запад - 7. Ноември

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 34,21 Ха поради што е поделена на два Урбани Блока и тоа:

УБ 6.1. ограничен со Булевар Туристичка и улиците 7. Ноември, I. Градски Ринг и Даме Груев , со вкупна површина од 23,79 Ха сметано по осовините на обемните улици
УБ 6.2. ограничен со улиците Булевар Туристичка, I. Градски Ринг и улиците Даме Груев и Јане Сандански, со вкупна површина од 10,42 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 7 - 7. Ноември
Урбаната заедница 7. Ноември (поранешна Урбана едница 7) го завзема средишниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север - I. Градски Ринг
- од исток - 7. Ноември
- од југ - Булевар Туристичка
- од запад - Пирин Планина

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 27,92 Ха поради што е поделена на два Урбани Блока и тоа:

УБ 7.1. ограничен со Булевар Туристичка и улиците 7. Ноември, I. Градски Ринг и Абас Емин , со вкупна површина од 14,56 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 7.2. ограничен со Булевар Туристичка и улиците I. Градски Ринг, Абас Емин и Пирин Планина , со вкупна површина од 13,36 Ха сметано по осовините на обемните улици.

УЗ 8 - Биљанини Извори
Урбаната заедница Биљанини Извори (поранешна Урбана едница 8, но со зголемена површина) го завзема источниот дел од градската територија и се граничи со:
- од север - I. Градски Ринг (Карпош Војвода)
- од исток - ул. Стрелиште
- од југ - Булевар Туристичка
- од запад - Јане Сандански

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 56,15 Ха поради што е поделена на три Урбани Блока и тоа:

УБ 8.1. ограничен со Булевар Туристичка, Булевар АСНОМ и улиците Јане Сандански и Ванчо Питошески, со вкупна површина од 22,46 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 8.2. ограничен со Булевар АСНОМ, I. Градски Ринг (Карпош Војвода) и улиците Јане Сандански и Ванчо Питошески, со вкупна површина од 15,50 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 8.3. ограничен со Булевар Туристичка, Булевар АСНОМ, I. Градски Ринг и ул. Стрелиште, со вкупна површина од 18,18 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 9 - 8. Септември

Урбаната заедница 8. Септември (поранешна Урбана едница 9) го завзема централниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север - Железничка
- од исток - 7. Ноември
- од југ - I. Градски Ринг
- од запад - Пирин Планина

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 67,22 Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 9.1. ограничен со I. Градски Ринг, Железничка, Пирин Планина и Абас Емин , со вкупна површина од 28,36 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 9.2. ограничен со I. Градски Ринг, Абас Емин, Железничка и Егејска со вкупна површина 15,50 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 9.3. ограничен со Железничка, 7. Ноември, Кленоец и Егејска со вкупна површина од 16,02 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 9.4. ограничен со Железничка, 7. Ноември и Кленоец со вкупна површина од 3,34 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 10 - Горна Влашка Мала

Урбаната заедница **Горна Влашка Мала** (поранешна Урбана едница 10) го завзема средишниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север - Момчило Јорданоски, I. Македонска ударна бригада и границата на Оранжериите
- од исток - Марко Цепенков И Јане Сандански
- од југ - I. Градски Ринг
- од запад - 7. Ноември

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 45,64 Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 10.1. ограничен со улиците 7. Ноември, I. Градски Ринг, Марко Несторoски и Питу Гули, со вкупна површина од 15,70 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 10.2. ограничен со улиците I. Градски Ринг, Марко Несторoски, Питу Гули и Јане Сандански со вкупна површина од 14,47Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 10.3. ограничен со улиците Питу Гули , Марко Несторoски, Момчило Јорданоски и Марко Цепенков со вкупна површина од 11,46 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 10.4. ограничен со улиците Питу Гули, I. Македонска ударна бригада, 7. Ноември и границата со постојните Оранжерии, со вкупна површина од 4,01 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 11 - Видобишта

Урбаната заедница **Видобишта** (поранешна Урбана едница 11, односно УЗ Видобишта-Илинден)) го завзема источниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север – реката, ул. Македонска и Мирка Гинова
- од исток – Бејбунар, дел од границата на опфатот на градот.
- од југ - Момчило Јорданоски, I. Македонска ударна бригада и границата на Оранжериите
- од запад - 7. Ноември, границата со постојните Оранжерии

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 98,84 Ха поради што е поделена на пет Урбани Блока и тоа:

УБ 11.1. ограничен со улиците 7. Ноември, I. Македонска Ударна Бригада, Железничка и границата на Оранжериите на Градинар со вкупна површина од 23,52 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 11.2. ограничен со улиците Момчило Јорданоски, I. Македонска Ударна Бригада, Железничка и Бејбунар, со вкупна површина 23,77 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 11.3. ограничен со улиците Македонска, Железничка, Ристо Чадо, реката Сушица и ул. Бејбунар - крак со вкупна површина од 22,10 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 11.4. ограничен со улиците Железничка, Бејбунар - крак и Ристо Чадо, со вкупна површина од 19,81 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 11.5. ограничен со улицата Бејбунар - крак, реката Сушица и дел од границата на територијата на градот, со вкупна површина од 9,64 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 12 - Гоце Делчев

Урбаната заедница Гоце Делчев го завзема источниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север - Момчило Јорданоски
- д исток - улица М - 3 Бејбунар и граница на опфатот на градот
- од југ - I. Градски Ринг (Карпош Војвода)
- од запад - Марко Цепенко

Површината на оваа Урбана заедница изнесува **55,47** Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 12.1. ограничен со улиците Карпош Војвода, Сирма Војвода и Јане Сандански со вкупна површина од 6,99 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 12.2. ограничен со улиците Сирма Војвода, Марко Цепенков и сервисната улица СЕ 12.2- Болничка, со вкупна површина од 17,75 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 12.3. ограничен со улиците Карпош Војвода, Момчило Јорданоски, Бејбунар и сервисната улица Се 12.2 – Болничка, со вкупна површина од 16,28 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 12.4. ограничен со М - 3 Бејбунар и дел од границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 14,45 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 13 - Железничка

Урбаната заедница 13. Железничка го завзема северниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север – ул. Прилепска, дел од границата на опфатот на градот
- од исток – Кленоец
- од запад – Хаџи Мустафа, дел од границата на опфатот на градот, реката Даљан
- од југ - Железничка, клучката

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 93,25 Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 13.1. ограничен со улиците Кленоец и Прилепска и границата на површината за Специјална Намена, со вкупна површина од 11,68 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 13.2. ограничен со Железничка, Прилепска, Будва и Кленоец, со вкупна површина од 18,73 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 13.3. ограничен со улиците Железничка, Прилепска и Будва, со вкупна површина 21,90 Ха сметано по осовините на обемните улици

- УБ 13.4. ограничен со Железничка, Прилепска и границата на опфатот на градот, ул. Хаџи Мустафа, реката Даљан, со вкупна површина од 30,05 Ха сметано по осовините на обемните улици.

УЗ 14 - Радоица Новичич

Урбаната заедница 14. Радоица Новичич го завзема крајниот северен дел од градската територија и се граничи со:

- од север - граница на опфатот на градот, река
- од исток - Петрино и граница на опфатот на градот
- од југ - Прилепска
- од запад - улицата СЕ 14.4 - Радоица Новичич, границата на опфатот на градот

Површината на оваа Урбана заедница изнесува **86,75 Ха** поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 14.1. ограничен со улиците Прилепска, Петрино, Радоица Новичич и сервисна СЕ - 14.2., со вкупна површина од 15,76 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 14.2. ограничен со улиците Петрино, Радоица Новичич и сервисна СЕ 14.3 и границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 31,68 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 14.3. ограничен со улицата Радоица Новичич, Нова Сервисна СЕ 14.3., реката и границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 27,63 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 14.4. ограничен со улицата Радоица Новичич, Прилепска, сервисна улица СЕ 14. 4. и дел од границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 11,68 Ха сметано по осовините на обемните улици

При планирањето на поделбата по урбани блокови на УЗ 14 почитувана е веќе создадената функционална поделба извршена со донесениот детален урбанистички план. Со својата површина од 31,68 Ха УБ 14. 2. ја надминува со Правилникот за нормативи за уредување на просторот препорачаната големина од 30,00 Ха, но со оглед дека со изработениот ДУП се определени границите на опфатот и интерната поделба, истите се акцептирани во овој ГУП, со површина минимално поголема од препорачаната.

УЗ 15 - 15. Корпус

Урбаната заедница 15 - 15. Корпус го завзема крајниот североисточен дел од градската територија и се граничи со:

- од север - граница на опфатот на градот, патот М 5
- од исток - Мирка Гинова, Живко Чинго, Александар Турунџе,граница на опфатот на градот, пат за Велгошти, пат за Лескоец
- од југ - Железничка, Македонска, 15. Корпус
- од запад - Кленоец, Петрино

Површината на оваа Урбана заедница изнесува **159,22** Ха со која е најголема од сите планирани Урбани заедници и поради тоа е поделена на седум Урбани Блока и тоа:

УБ 15.1. ограничен со улиците - 15. Корпус, Македонска и Мирка Гинова , со вкупна површина од 15,46 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 15.2. ограничен со улиците 15. Корпус, Мирка Гинова, Александар Турунџе, Живко Чинго и границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 25,96 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 15.3. ограничен со улиците 15. Корпус, Александар Турунџе, новата Сервисна улица СЕ 15.3. и границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 10,77 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 15.4. ограничен со ул 15. Корпус, новата Сервисна улица СЕ 15.3., патот за Лескоец и границата на опфатот на градот , со вкупна површина од 32,45 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 15.5. ограничен со улиците - 15. Корпус, Железничка, Кленоец и Српница, со вкупна површина од 27,11 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 15.6. ограничен со улиците 15. Корпус, Српница, Петрино и Нова Сервисна СЕ 15.3 со вкупна површина од 22,36 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 15.7. ограничен со улиците 15. Корпус, Нова Сервисна СЕ 15.3. Петрино и границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 25,11 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 16 - Рача

Урбаната заедница 16. Рача го завзема југоисточниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север - границата на УБ 17.3 од УЗ 17
- од исток - собирна улица С - 12 - патот за с. Велестово и граница на опфатот на градот
- од југ - граница на опфатот на градот
- од запад - Булевар Св. Наум Охридски

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 65,34 Ха поради што е поделена на три Урбани Блока и тоа:

УБ 16.1. ограничен со границата на УБ 17.3 од УЗ 17, патот за с. Велестово, ул. Рача 1, границата на опфатот на градот и Булеварот Св. Наум Охридски , со вкупна површина од 12,18 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 16.2. ограничен со Булеварот Св. Наум Охридски, реката Рача, ул. Рача 1и границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 32,53 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 16.3. ограничен со Булеварот Св. Наум Охридски, реката Рача и границата на опфатот на градот, со вкупна површина од 20,63 Ха сметано по осовините на обемните улици

УЗ 17 - Студенчишта

Урбаната заедница 17 - Студенчишта го завзема јужниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север - Булевар АСНОМ, Булевар Туристичка, патот за с. Велестово
- од исток - патот за с. Велестово - границата на опфатот на градот, границата со УЗ 16, Булевар Св. Наум
- од југ - каналот Рача - граница на опфатот на градот

- од запад - Охридското Езеро

Површината на оваа Урбана заедница изнесува 111,66 Ха поради што е поделена на четири Урбани Блока и тоа:

УБ 17.1. Блато (ППР)- ограничен со Каналот Студенчишта, Булеварот Св. Наум, реката Рача - границата на опфатот на градот и Охридското Езеро, со вкупна површина од 70, 53 Ха сметано по осовините на обемните улици и линијата на брегот

УБ 17.2. ограничен со Каналот Студенчишта, Булеварот АСНОМ, Булеварот Туристичка, Булеварот Св. Наум Охридски и ул. Партизанска, со вкупна површина од 19,38 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 17.3. Спомен парк - ограничен со Булеварот Св. Наум Охридски, границата со УЗ 16 и патот за с. Велестово - границата на опфатот на градот со вкупна површина од 17,30 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 17.4. ограничен со Каналот Студенчишта, Булеварот АСНОМ, Кејот И ул. Партизанска, со вкупна површина од 4,45 Ха сметано по осовините на обемните улици

При планирањето на поделбата на УЗ 17 по урбани блокови почитувана е веќе создадената функционална поделба во која доминира просторот на Блатото - строго заштитена зона која треба да се третира интегрално, поради што е усвоена и големината на урбаниот блок УБ 17.1. со површина од 70,53 Ха

УЗ 18- Чекоштина

Урбаната заедница 18- Чекоштина го зафаќа најсеверниот дел од градската територија и се граничи со:

- од север – границата на опфатот на градот
- од исток – реката Даљан
- од југ – патот М 5, клучката на влезот во градот од запад

Површината на оваа Урбана заедница изнесува **38.95** Ха поради што е поделена на два Урбани Блока и тоа:

УБ 18.1. ограничен со патот М 5, ул. Чекоштина, патот Охрид – Орман, со вкупна површина од 16,29 Ха сметано по осовините на обемните улици

УБ 16.2. ограничен со реката Даљан , клучката на влезот во градот од запад, патот Охрид – Орман, ул. Чекоштина, со вкупна површина од 22,66 Ха сметано по осовините на обемните улици

1.4. Урбани заедници и урбани блокови во структурата на градската територија

Од планираните 18 Урбани заедници само во четири постојат детски установи и тоа: во УЗ 2 - Центар, во УЗ 3 - Кошишта, УЗ 10 - Горна Влашка Маала и УЗ 8 - Биљанини Извори - 2 установи, вкупно 5. Нови детски установи предвидени се во Урбаните заедници кои немаат вакви објекти и тоа: во УЗ 4 - Воска, во УЗ 5 - Лескајца, во УЗ 6 - Даме Груев, во УЗ 11 - Видобишта - Илинден, во УЗ 12 - Гоце Делчев и во УЗ Р. Новичич - 2 установи - вкупно 7, а во останалите Урбани заедници децата можат да се згрижуваат во детски установи формирани во "домашни условија" - во приватна сопственост и во мали капацитети.

4.4.2. Општествена заштита на стари и хендикепирани лица

Домот за пензионери е изграден во центарот на градот и располага со 10 апартмани. Во приземјето опстојува клубот на пензионери.

Од анализите и анкетирањето извршени во фазата Документациона основа произлегоа следниве заклучоци:

- да се предвиди локација за дом за возрасни лица во склад со нормативите и социо-психолошката димензија на проблематиката, а дисперзирани низ просторот на градот повеќе клубови за стари лица;
- да се предвиди локација за групен дом за хендикепирани лица со дневен центар - стационар;
- да се предвиди дом - одморалиште за слепи лица

Согласно нормативите, за објекти од социјален карактер - за деца без родители и за стари лица - бројот на местата да биде 3 на 1.000 жители, површината на комплексот по 30 м2 , а на објектот 15 м2 по корисник. Од овој број лица за кои е потребна социјална грижа две третини да бидат старите лица, а една третина деца без родители или без родителска грижа. Гравитационото подрачје, целата општина Охрид која во 1994 година броела 52.732 жители , се проценува на 60.000 жители во 2012 година. Според нормативите, за ова население потребни се 120 места за згрижување на стари лица од кои 20 се постојни, а 100 треба да се изградат во објекти со изградена површина од: 100 лица x 15 м2/корисник = 1.500 м2 и површина на локација од: 100 лица x 30 м2/корисник = 3.000 м2. Локацијата се предвидува во УЗ 4 Воска, во УБ 4.3. во мирен дел на градот со многу зелени површини, блиску до езерото, сообраќајно добро поврзана со градската улична мрежа.

Непосредно до оваа се предвидува локацијата за одморалиште за слепи лица.

Локацијата за групен дом за хендикепирани лица со клубови за дневен престој предвиден е во УЗ 11, во У.Б. 1.

4.4.3. Меѓуопштински центар за социјални грижи

Меѓуопштинскиот центар за социјални грижи е сместен во самостоен, сопствен објект со висина од П+ 1 кат во Урбаната заедница "Горна Влашка Мала". Тој располага со вкупна површина на локацијата од 300 м2, а вкупната изградена површина изнесува 175 м2 . Во наредниот период овој објект ќе ги задоволи потребите на дејноста и не се предвидува зголемување на неговите изградени и слободни површини.

4.4.4. Хуманитарни организации

Во оваа група на организации за помош на социјално загрозена популација со овој ГУП третиран е само Црвениот крст на Македонија. Истиот располага со сопствен деловен, продажен и магацински простор на три локации во опфатот на градот кои ги задржува.

4.5. Култура

Во градот постои мошне богата мрежа на институции и објекти од областа на културата кои, помалку или повеќе, се во функција, особено во текот на летната сезона кога се организираат масовни културни манифестации. Анализите на состојбите укажуваат на тоа дека во овој планерски период е нужно да се завршат отпочнатите активности за реставрација и ревитализација на спомениците на културата и историјата - Самуиловата тврдина и Античкиот театар, но и на другите споменици на културата чија состојба бара средства и ангажман. Со нивното вклучување во културните текови градот ќе се здобие со нови квалитети кои уште повеќе ќе ја потенцираат неговата улога во културата на Републиката.

4.5. Духовна култура

Духовната култура како дел од општата човекова култура има и свои потреби од простор во рамките на градското ткиво покрај веќе ангажираните површини. Храмовите посветени на духовната култура, без оглед на вероисповеста што во нив се проповеда, располагаат со исклучително квалитетни простори во кои создале сопствена, специфична атмосфера. Во градот егзистираат повеќе православни храмови - активни цркви кои се едновремено и споменици на градителското и културното наследство и тоа главно во Стариот дел на градот, а кон нив се приклучува и возобновениот Свети Климентов храм на Плаошник. Новоизградената католичка црква е веќе во функција. Активни исламски богомољи - џамии се четири од кои три во централното градско подрачје.

5. ДРЖАВНА УПРАВА, ПРАВОСУДСТВО, ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Сите органи и институции од областа на државната управа, правосудството и локалната самоуправа кои се застапени во градот сместени се во поволни локации и објекти со доволни површини и соодветен комфор и нема потреба од предвидување нови површини за оваа активност. Исклучок представува Министерството за внатрешни работи за чии потреби се предвидува комплекс во УБ 10.1. и езерската полиција на брегот на Студенчишката Река за која се планира да се оддели дел од комплексот за МНО. Потребата на Министерството за правда од нов општински затвор ќе треба да се задоволи надвор од територијата на градот.

6. СТОПАНСТВО И СПЕЦИЈАЛНА НАМЕНА

6.1. Примарен сектор

Една од програмските определби на овој план рационализација на површините ангажирани за овој стопански сектор, од кои најголема е површината на Оранжериите на Градинар кои подолги години не се во функција. Нивната локација на влезот во градот од северен правец, на крстосницата на магистралните улици Железничка и 15. Корпус, а имајќи ја пред вид состојбата и слабите изгледи за регенерирање на оваа стопанска дејност, укажува на низа погодности за пренамена на овој простор во мултинаменски простор со содржини од важност и значение како за УЗ 11 Видобишта-Илинден во чии граници е овој локалитет, така и за целиот град. Со ДУП за оваа Урбана заедница дел од локалитетот наменет е за основно училиште, детска градинка, локален центар и трговија и занаетчиство, а со овој ГУП кон овие содржини се додаваат и нови - дневен центар за хендикепирани лица, домување, површини за терцијарен сектор (мало стопанство, сервиси, складишта) и градска топлана, како и зелен заштитен појас помеѓу работните зони и останатите зони.

Останалите субјекти класифицирани во овој стопански сектор ќе ги задржат своите локации и површини во рамките на градот, освен Рибарското стопанство кое ќе се дислоцира вон од градот, Сите површини во рамките на опфатот класифицирани како неангажирани зелени површини со овој ГУП се предвидуваат со трајна нова содржина.

6.2. Секундарен сектор

Во согласност со програмските определби на овој ГУП утврдено е дека големите стопански субјекти можат преку внатрешна трансформација да се прилагодат кон современите потреби - како просторна, така и трансформација на дејностите, со што ќе се создадат услови за поширока и разновидна понуда.

Во Документационата основа на овој План утврдено е дека ниеден од субјектите класифицирани во секундарниот стопански сектор не ја загрозува животната средина и дека нема основ и потреба за нивното дислоцирање

надвор од границите на градската територија, под услов строго да се почитуваат законите и прописи за заштита на животната средина. Поради тоа се предвидува задржување на повеќето од субјектите во нивните постојни граници, но се дава можност за целосна или делумна пренамена, особено за механизациите на градежните претпријатија или претпријатието за секундарни суровини, во мало стопанство, сервиси или складишта.

При определувањето на намената на работните зони се овозможува оптимална флексибилност поради многу "тенката" граница помеѓу дејностите кои се обавуваат во примарниот, во секундарниот и во терцијарниот сектор;

Зони за изградба на нови капацитети со разновидна намена се површините во северниот дел на градот, помеѓу магистралната улица 15. Корпус и собирната улица Петрино, главно наменети за мало стопанство.

На постојната индивидуална станбена градба во рамките на работните зони треба да и се овозможи изградба - доградба на деловен простор во рамките на сопствената парцела со што ке се постигне поголема рационалност на просторот, а ќе се оправда и, по потреба, легализира и индивидуалната станбена градба - под услови утврдени со Правилникот за уредување на просторот.

6.3. Терцијарен сектор

Во просторната организација на градот зоните за мало стопанство и сервиси се главно во северниот дел - долж улиците Железничка и 15. Корпус, јужно од ул. Железничка - источно и западно од Тумбата и северно од клучката на Булеварот Туристичка - по улицата која води кон месноста Алтанин Мост. Оваа поставка во основа е адекватна и на потребите на населението и на потребите на сопствениците на стопанските субјекти, поради што е акцептирана во овој ГУП и се дополнува со нови површини, главно долж магистралните улици Железничка и 15. Корпус, но и покрај Булеварот Туристичка.

Предвидена е и можноста во постојните и во предвидените зони за домување, а во потези долж улиците од примарната градска мрежа и други фреквентни правци, да се интерполираат содржините од терцијарниот стопански сектор кои како такви се представени и во графичкиот приказ Синтеза на планот.

Занаетчиските локали од традиционалните занаети сместени во потегот на Старата чаршија, главно во делот помеѓу првиот и вториот чинар, да се задржат како дејност и да им се додадат нови површини со цел да се одржат не само како места на кои нешто се произведува туку да се презентира начинот на кој некогаш се произведувале нештата. Овој тренд е исклучително присутен во најпознатите туристички места во целиот свет.

Најголемата компактна хотелска зона предвидена е на западното крајбрежје, а во источното крајбрежје и градскиот центар, покрај

новопредвидените, се предвидува заокружување на постојните капацитети и пренамена на постојните содржини во хотелско-угостителските. Во таа смисла предвиден е и потезот домување со хотели долж Кејот Маршал Тито во кој е можна трансформацијата на постојниот фонд во содржини наменети за хотелиерство.

Дисперзијата на угостителските локали низ територијата на градот во основа е базирана врз економската логика на побарувачката - фреквентните простори во центарот на градот и подцентрите, крајбрежните простори во градот и туристичките локалитети и понатака ќе бидат атрактивни за оваа намена.

6.4. Специјална намена

Во површините за Специјална намена се вбројуваат површините и објектите кои ги користи Министерството за одбрана, а тоа е касарната со сопствениот полигон, како и просторот јужно од вливот на Студенчишката река кој ќе биде користен и од страна на МВР. Да се во наредниот период преиспита можноста од користење на Касарната за цивилни содржини – лоцирање на високообразовни установи, противпожарна едница и други содржини.

7. ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

7.1. Зеленило

7.1.1. Јавно зеленило

Сите површини во рамките на градската територија вброени во јавното зеленило опфаќаат многубројни и разнородни локалитети од кои повеќето се и амбиентални целини (Калето, Античкиот театар, Св. Јован Канео, крајбрежниот потег, Спомен-паркот на паднатите борци и др.). Повеќето од нив не се паркови во класичната смисла на зборот, но нивните квалитети се врвни и заслужуваат целосно планерско внимание. Тие мора да останат во сегашните граници, а нивното уредување ќе биде предмет на плановите од пониско ниво. Останалите постојни површини со јавното зеленило се како такви акцептирани во овој план, а се планирани и нови во сите зони наменети за домување, во сите зони со јавни содржини, особено во зоните наменети за рекреација

Задржани се постојните дрвореди со регистрирана должина и се предвидени нови како забележителен пејсажен квалитет повеќе во урбаниот простор секаде каде е тоа можно: долж сите улици од примарната мрежа, како постојните така и планираните, и тоа направо во прошириниот тротоар, без тревњаци. Со тоа се овозможува нивната реализација по пат на реконструкција на уличниот профил, а се одбегнува лошата практика на неодржување на тревнатите површини. На тој начин се формира зелен ланец од дрвореди во должина од 8.800 м постојни и околу 20.000 м нови дрвореди, со зголемување од преку три пати.

7.1.2.Строго заштитена зона

Локалитетот Студенчишта, Блатото, претставува дел од територијата на градот во крајбрежниот простор на езерото кој согласно со Законот за заштита на природните реткости од 1981 година се стекнал со статус на предел со посебни природни вредности. Со овој ГУП овој простор е категоризиран како Посебен природен резерват према предлогот на Просторниот план на Република Македонија со статус на природна реткост во склопот на јавните зелени површини, односно строго заштитена зона. Долгогодишната негрижа за овој простор се повеке го доведува во опасност опстанокот на пределот и автентичната состојба на блатниот екосистем, со тоа и некои од најбитните вредности на Охридското Езеро, а тенденциите на запоставување и несоответно користење продолжуваат.

Општите цели за ревитализација и заштита на Блатото Студенчишта се следни:

- утврдување на начинот на користење и уредување на поширокиот простор и дефинирање на можностите за вклучување на природните потенцијали на овој предел во вкупниот развој на Охридското крајбрежје;
- дефинирање на режимот на управување со Блатото како природна реткост и феномен од витален интерес за заштита на Охридското Езеро;

За реализација на општите цели да се определи следната стратегија:

- утврдување на границите и просторниот опфат на Блатото;
- усогласување на интересите помеѓу различните корисници на просторот: градот Охрид, ЈНУ Хидробиолошки завод, АРМ, Капетанијата, Рибното стопанство, Охридски Комуналец и др.
- согледување на можностите комплексот да добие мултифункционална намена: заштитна, научно-истражувачка, рекреативна, воспитно-образовна, зоо-парк во природа, со цел да се ревитализира и уреди без да се наруши екосистемот;
- утврдување на земјиштето и режимот на Хидробиолошкиот завод, односно определување на просторот за научни и апликативни активности,
- изработка на планот на пределите - пејсажен план;
- изработка на детален план за целиот комплекс, при која ќе се изработат и елаборати за зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна равнотежа, систем на мерки и активности за зачувување и одржување на карактеристични вредности, при тоа користејки го Законот за заштита на природата 67/2004 ;

Оваа програма на потребните активности далеку ги надминува рамките и содржините на овој ГУП, а на ова место само се потенцира нужноста од изработка на интегрална и опсежна документација - Проект за заштита на Блатото и за уредување и активирање на поширокиот простор Студенчишта.

7.1.3. Заштитно зеленило

Заштитно зеленило како категорија представува тампон - зона помеѓу потенцијални или реални загадувачи и урбаните зони, а треба да се состои од високо и средно зеленило кое најдобро ги собира штетните частички од воздухот и ја намалува бучавата. Најголемата зона со заштитно зеленило во опфатот на градот е јужно од гробиштата и всашност представува земјоделско земјиште кое е во функција, но во него и понатака да не се дозволи никаква градба со што се обезбедува потребната дистанца помеѓу гробиштата и останалите градски зони. Останалите зони со заштитно зеленило димензионирано согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, по правило се во рамките на локациите на стопанските комплекси или се долж магистралните и регионални патни правци, а за нивното уредување и одржување се одговорни нивните сопственици согласно Законот за заштита на животната средина и природата.

Биланси на зелените површини

Вид на зелени површини	**површина Ха**
Јавно зеленило	43,57
Строго заштитена зона - Блато	56,28
Заштитно зеленило	32,19
Вкупно	**132,04**

Вкупното намалување на зелените површини е резултат на елиминирање на поимот “неангажирани зелени површини” кои во билансите на постојното зеленило (267,47 Ха) учествуваат со 179,70 Ха, односно над 67 %.

Планираната просечната површина на зеленило сметано по жител на градот Охрид, вообичаениот параметар за квалитетот на животната средина , изнесува:

1.320.400м2 :44.500 = 29,67 м2/жител

Оваа просечна површина е далеку помала од онаа што е регистрирана во Документационата основа како постојна состојба, но планираната структура на зелените површини многу поповолна зашто во вкупните зелени површини учеството на јавните, уредени површини од постојните 10,50 % се зголемува на 33,50%, односно за повеќе од три пати.

7.2. Спорт

7.2.1. Спортски терени

Насоките од Програмата за изработка на овој ГУП кои се однесуваат на овој сегмент се многу конкретни , а со нивната реализација ќе се испланира целосна мрежа на спортски терени на нивото на градот:

- Во спортскиот центар Билјанини Извори се предвидуваат и пропратни содржини со кои ќе се комплетира понудата: трговски и угостителски

локали, локали за забава и други отворени и изградени површини во функција на основната намена;

- полигонот за мали спортови во центарот на градот ја задржува својата основна намена и ја збогатува со содржини кои се во функција на намената;
- фудбалското игралиште Грашница се пренаменува за фудбалско рекреативно игралиште со димензии 45x90 м и да се дополни со водени спортови, современи пропратни простории, пристапи, паркиралишта и уредени зелени површини, со што се здобива со улогата спортски центар на западното градско крајбрежје;

7.2.2. Спортски објекти

- спортската дворана во рамките на Спортскиот центар погодна е за организирање и одржување спортски натпревари на највисоко меѓународно ниво, но и за други видови масовни забавни или уметнички манифестации. Постојниот отворен пливачки базен во близина на салата да се наткрие и да се спои со салата во еден интегрален спортски објект од највисока категорија;
- спортското стрелиште Бејбунар да се комплетира со содржините пропишани за ваков вид објекти и да се вклучи во спортско-туристичка понуда на градот.
- шеталиштето долж брегот на езерото од градското пристаниште, преку каналот Студенчишта и кон туристичкиот локалитет Горица да се изгради и уреди со цел да се овозможат пешачки комуникации за куси, средни и долги прошетки во функција на одржување телесна кондиција, но и за лесни прошетки и забава.
- крајбрежниот појас од пристаништето до вливот на Студенчишката Река да се уреди
- плажите во западниот дел од градот - Грашница да се уредат според донесениот ДУП со што целото западно хотелско-туристичко крајбрежје значително ке го подобри својот вкупен квалитет;

Површините кои се ангажирани за рекреација се 9,28Ха
Површините кои се ангажирани за зеленило, спорт и рекреација се :

Биланси на површини за зеленило, спорт и рекреација:

Зеленило	132,04
Спорт	21,67
Рекреација	9,28
Вкупно	**163,00**

Споредувајќи ги наведените големини со билансите на постојните површини за зеленило, спорт и рекреација, може да се утврди дека вкупните површини се намалени поради елиминирањето на категоријата "неангажирани зелени површини", површините за спорт и рекреација се незначително зголемени, но структурата на површините е осетно подобрена. Просечната површина по жител изнесува:
1.630.000 м2 : 44.500 жители = 36,63 м2/жител

8. СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Патен сообраќај

Во Програмата за изработка на овој ГУП определени се насоките за планирање на патниот и уличниот сообраќај во градот и неговото поблиско и подалечно окружување, меѓу кои една од најважните е дека сообраќајниот систем на градот треба да се прилагоди на планираниот систем на магистрални и регионални сообраќајници во овој дел од државата, со посебен акцент на сообраќајна поврзаност со Струга и со крајбрежјето на езерото. Почитувајќи ја оваа насока, во продолжение е даден детален приказ на мрежата на автопатишта, магистрални и регионални патишта на кои оптимално ќе се поврзи примарната мрежа на двата града во Охридско-Струшкото окружување.

8.1.1 Автопатишта

Геосообраќајната положба на градовите Охрид и Струга може да се оцени како многу поволна под услов да се реализираат поставките на просторниот план на Република Македонија во поглед на сообраќајницата Исток-Запад, така наречен Коридор 8, низ територијата на Р. Македонија, кој е дел од транспортниот коридор што минува низ териториите на Р. Бугарија, Р. Македонија и Р. Албанија. Идејата за реализација на овој значаен транспортен коридор иницирана е во почетокот на деведесетите години на дваесетиот век кога демократските процеси предизвикаа распаѓање на социјалистичките општества во Источна Европа, со тенденција да се создадат нови правци и насоки на економскиот развој и меѓународната соработка. Регионот на Југоисточна Европа, еден од најстарите центри на европската цивилизација, а во последните две децении огниште на конфликти и воени дејствија, има шанси за демократскиот и економски развој. Реалниот пат кон таков развој води низ економските реформи кон слободното пазарно стопанство, кон регионална економска интеграција и соработка со европските структури. Темелната претпоставка на економските реформи е ефикасното функционирање на модерните транспортни системи. Со политичкото отворање на државите на регионот кон соседите античкиот коридор Виа Игнатиа од Рим до Константинопол повторно ќе се активира. Формирањето на новиот транспортен коридор Исток - Запад отвара широк простор со транспортна инфраструктура, со мрежа и опрема што нуди разни погодности на корисниците на транспортните услуги. Транспортниот коридор Исток - запад има за цел јадранските пристаништа да ги поврзи со црноморските преку териториите на Албанија, Македонија и Бугарија. Во неговиот состав спаѓаат патните сообраќајници, железнички линии, морски пристаништа, фериботни комплекси, терминали контејнерски и РО - РО, пловила и други содржини.

Патните сообраќајници поминуваат низ истата територија, а една од трасите ги поврзува од исток кон запад градовите: Варна (Бургас) - Пловдив - Софија - Деве Баир - Куманово - Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Струга (Охрид) - Ќафасан - Тирана - Драч. Дел од оваа траса е магистралниот пат М - 4 во Република Македонија. Во Просторниот план на РМ овој пат е предвиден

како Автопат, а неговата траса е нова, со што постојната траса на М - 4 во голема мера ќе остане како пат без наплата.

Во оквир на појасот на идејниот проект на Автопатот третирани се и следните сообраќајници од основната патна мрежа на Р. Македонија:

- Магистралниот пат М - 4 на делот Ќафасан - Струга - Подмоље - Требеништа
- Регионалниот пат Р - 420 Охрид - Подмоље - Струга - Радожда - Граница со Албанија
- Локален пат Франгово - Калишта, односно врска помеѓу М - 4 и Р - 420
- Локален пат за Шум и Заграчани
- Локален пат Мислешево - Мороишта
- Локален пат Требеништа - Волино

Со изградбата на Автопатот ќе се подобри и докомплетира постојната патна мрежа во Регионот. Магистралниот пат М - 4 ќе биде задржан во целост и тој ќе претставува паралелен пат со современ коловоз за возење без наплата. Останатите регионални и локални патишта со кои се сече Автопатот се решени во две нивоа со надвозници и подвозници.

Трасирањето на Автопатот базирано е врз Просторниот план на РМ и Студијата на основната патна мрежа во РМ. Почетокот на трасата е на граничниот премин Ќафасан, крајот на делницата е на во реонот на населеното место Требеништа, а пред почетокот на петелката од каде почнува делницата на Автопатот Кичево - Ботун - Требеништа - Подмоље, односно делницата Требеништа - Ливоишта - Косел - Охрид - Св. Наум - Корча, со крак за Буково.

Следниот важен сообраќаен правец е Автопатот околу Охридското Езеро на делницата Требеништа - Косел - Св. Наум со крак за Буково, точка до каде е извршена модернизација на магистралниот пат М - 5, Охрид - Ресен - Битола. Автопатот ќе биде наменет исклучиво за моторен - автомобилски сообраќај со денивелирани крстосници. Према морфологијата на теренот истиот е класифициран како бреговит до рамничарски на делницата од Требеништа до Косел (7,0 км), а останатиот дел како планински и тоа од Косел до Буково (14,0 км) и од Косел до Св. Наум (35,0 км). Овој потег на планинскиот терен ги претставува западните падини на планините Петрино и Галичица.

Во поширокиот појас на трасата на предметниот Автопат према актуелната категоризација на патната мрежа на РМ присатни се следните патни правци:

магистралниот пат М - 4, делница Требеништа - Подмоље
магистралниот пат М - 5, делница Подмоље - Охрид - Косел - Буково
регионалниот пат Р - 423, делница Требеништа - Ливоишта - Косел - Буково
регионалниот пат Р - 501, делница Охрид - Пештани - Св. Наум
регионалниот пат Р - 504, делница Трпејца - Царина
поголем број локални патни правци

При дефинирањето на хоризонталното решение почитувани се неколку фиксни точки:

- почетната точка е петелката Требеништа
- превојот Буково е фиксна точка према Битола
- последната фиксна точка е крајот на трасата во Св. Наум на границата со Р. Албанија, но не на постојниот граничен премин каде ограничувачки фактори се изворите на Црн Дрим, но како нов граничен премин во долината на реката Черава со продолжување на автопатот према Корча и Поградец во Р. Албанија.

На делот помеѓу Требеништа и Вапила трасата поминува низ т.н. Горно Поле тангирајќи ги населените места Ливоишта и Вапила од јужната страна. Од Вапила трасата започнува да се искачува по падините источно од Охридското Поле и со карактеристики на панорамска траса завршува во Св. Наум. Населеното место Косел се заобиколува од северната страна, источно од него се премостува Коселската Река и над брдото Присој се предвидева рачвање на автопатот во правец на Буково и во правец на Св. Наум. Од оваа точка се води стационажата на трасата на автопатот Косел - Св. Наум . Трасата се води така да се заобиколат сите населени места на овој потег: Велгошти се заобиколува од источната страна непосредно под манастирот Св. Илија, Рамне од западната страна, а во релативно рамничарскиот предел под Рамне предвидена е врската за Охрид, помеѓу 8-иот и 9-тиот километар од автопатот. Должината на овој приклучок изнесува околу 4 км, а крајот е во раскрсницата кај бензинската пумпа Студенчишта каде се надоврзува на магистралните улици.

Од тука трасата на автопатот е повлечена така да поминува западно од Велестово, Шипокно и Конско, висински нешто пониско од истите, а над туристичките локалитети Горица, Св. Стефан и Метропол. Предвидена е врска со регионалниот пат Р-501 Охрид-Пештани-Св. Наум во должина од 2 км тнр. врска Метропол. До крајот на трасата автопатот ги заобиколува од источна страна Елшани, Пештани, Трпејца и Љубаништа, т.е. повлечена е висински над истите и над простори во кои постојат повеќе туристички локалитети. Предвидена е врска за Пештани, односно Р-501, а дефинирана е и врската со Р-504 Трпејца-Царина.

На целата должина на Автопатот Требеништа-Косел-Охрид-Св. Наум предвидени се 7 петелки. Истите се на меѓусебно растојание од околу 5 км, што е оптимално растојание на петелки на автопат. Тие се:

- петелка Требеништа-врска со автопат Коридор 8 и со М - 5 за Подмоље;
- петелка Вапила - врска со Р-423 Требеништа _ Косел;
- петелка Косел - вкрстосување на автопатот за Буково (Битола), за Св. Наум (Охрид) и за Требеништа;
- петелка Охрид - врска со сообраќајната мрежа на Охрид (Булевар Туристичка кај бензинската пумпа Студенчишта);
- петелка Метропол - врска со туристички локалитети Св. Стефан и Метропол преку Р-501;

- петелка Пештани - врска со туристички локалитети Лагадин, Пештани и Градиште;
- петелка Трпејца - врска со Р-504 Трпејца-Царина, а преку Р-501 со туристичките локалитети кај Трпејца и Љубаништа;

8.1.2. Магистрални патишта

Дел од постојната мрежа на магистрални патишта во Охридско-Струшкиот регион се заменува со мрежа на автопатишта опишана погоре. Делот од петелката Требеништа до Подмоље и од Подмоље преку Струга до граничниот премин Ќафасан останува како магистрален пат М - 5, а од Подмоље преку Охрид до Косел и понатака кон Битола останува магистрален пат М - 4.

Дел од трасите на магистралните патишта ќе биде модернизиран, а делот на трасата од Охрид до Струга и од Подмоље до Требеништа ќе биде дополнет со уште една коловозна лента и други технички елементи со што ќе се здобијат со карактеристики на автопатишта или со булеварска улица - во зависност од делницата.

Делницата Требеништа - Подмоље ќе се модернизира со изградба на уште еден коловоз со две возни ленти паралелен со постојниот, со разделен зелен појас помеѓу нив, со вкупната ширина на планумот од 24,20 м, која кај петелката Подмоље се рачва на кракот кон Струга и на кракот кон Охрид.

Делницата Подмоље - Охрид исто така ќе се модернизира со уште еден коловоз со две возни траки паралелен со постојниот, со разделен зелен појас помеѓу нив, со вкупната ширина на планумот од 22,80 м, која кај петелката на западниот влез во Охрид ќе се вклучи во градската улична мрежа. Ова приклучување подразбира и реконструкција на оваа петелка која денес представува тесно грло и не е во склад со значението и вкупната функција на овој важен градски влез.

Делницата Подмоље - Струга - Ќафасан во еден свој дел поминува преку територијата на градот Струга каде има статус и карактеристики на магистрална градска улица. Тоа значи дека од петелката Подмоље до границата на градот ќе биде со ширината на планумот од 24,20 м, истата ширина што ја има од Требеништа до Подмоље, низ градската територија нејзиниот вкупен профил ќе биде 30,00 м, а од Струга до Ќафасан ќе се задржи постојниот профил.

8.1.3. Регионални патишта

Регионалните патишта како втори по ранг патни сообраќајници присутни се во регионот и имаат многу значајна улога во деловите на регионот со туристичка намена.

Регионалниот пат Р-420 од Радожда преку Струга и Подмоље води до Охрид обезбедувајќи квалитетна сообраќајна поврзаност на западниот и северниот дел од Охридската ривиера со магистралните правци, а во источниот и во

јужниот дел на крајбрежјето таа улога ја има регионалниот пат Р-501 Охрид - Св. Наум- граница со република Албанија. Од Трпејца се одвојува Р-504, води преку планината Галичица и на брегот на Преспанското езеро, кај Царина се поврзува со Р-503 Макази - Царина- граница со Албанија и Р-505 Макази - Љубојно- граница со р. Грција, со што се обезбедува интеграцијата на туристичките региони на Охридското и на Преспанското езеро.Врската, пак на Охридско - Струшкиот со Дебарско- Мавровскиот регион обезбедена е со регионалниот пат Р-418 Струга.

8.2. Улична мрежа и стационарен сообраќај

8.2.1. Континуитет во планирањето на уличната мрежа и препораки за идното планирање

Во насоките за изработка на ГУП се препорачува:

1. **во сообраќајниот систем на градот да се преиспита потребата од категоријата експресни сообраќајници, а во врска со тоа и диспозицијата на нивните коридори;**

Планираните експресни сообраќајници не се реализирани, а нивната функција и диспозиција се покажаа како непримерени на потребите и можностите на општината и градот Охрид :

- трасата на источната експресна сообраќајница оди низ густо населените делови на градот и на населените места Велгошти, Лескоец и Косел со што во стартот се губи смислата на идејата истата да биде сообраќајница што ќе ги тангира овие населени места овозможувајќи брз и ефикасен транзитен сообраќај. Ваква сообраќајница е можно да се изведе на повисоките падини на Петринската Планина, што е и предложено со планирањето на автопатот околу Охридското Езеро, односно неговата делница Косел - Св. Наум. Сега се планира таа да е магистрална улица што од бензинската пумпа Студенчишта води кон север и ќе добие третман на магистрална улица со име Бејбунар која оптимално ќе се поврзи со примарната улична мрежа со профил на инфраструктурниот коридор од 16.5м; Предвидена е нејзино продолжување кон север од раскрсницата со улица Железничка, но со помал профил (10.5м).

- нема технички условија западната експресна сообраќајница да се вклучи во клучката на влезот во градот, а нејзината траса планирана низ населените места Орман, Долно и Горно Лакочерај е неостварлива поради постојната изграденост. Транзитниот сообраќај ќе се води по планираниот автопат Требеништа - Косел - Битола, а само мал дел од транзитните движења по улицата Железничка и 15. Корпус кои кај Косел ќе се вклу чат во истиот автопат.

Според тоа експресни сообраќајници не се предвидуваат во овој ГУП.

2. **во сообраќајниот систем на градот да се преиспитаат трасите и коридорите на магистралните улици, особено во случај да се експресните сообраќајници изземат од сообраќајниот систем:**

Особено внимание во креирањето на сообраќајниот систем посветено е на третманот на магистралните улици при што се имаа пред вид сите релевантни околности и е предложен сообраќаен модел базиран врз потребите и можностите на градот, поранешните основни и детални урбанистички планови, а особено врз плановите од повисоко ниво со кои е определен сообраќајниот модел на потесното и поширокото опкружување: општината, регионот и Републиката. Усвоениот модел во кој магистралните улици се улици од највисок ранг акцептира неколку магистрални улици од претходниот ГУП: Булевар Туристичка, Железничка и 15. Корпус, 7. Ноември од магистрална станува собирна, а нова магистрална улица е улицата Бејбунар во источниот дел на градот (источна транзитна). Трасата на магистралната улица 7. Ноември планирана со Основниот урбанистички план на градот Охрид од 1973 година и акцептирана со Основниот урбанистички план на градот Охрид од 1990 година со овој ГУП се елиминира, а улицата ја задржува својата сегашна траса со проширување на профилот од фабриката БРАТСТВО до крстосницата со БУЛЕВАРОТ ТУРИСТИЧКА на 16,00 м. Причини за ова има повеќе: во историската улична матрица оваа улица има повеќевековна значајна улога што е важна причина за нејзиното задржување; по донесувањето на ОУП 1973 година не се вложени напори да се резервираат И обезбедат површини за новиот сообраќаен коридор кога истите беа без градба, после што се изградија голем број бесправни објекти чија денешна елиминација е тешко изведлива; комплетната комунална инфраструктура (водовод, канализација фекална И атмосферска, електрика и телефонија) изведена е по постојната улица; проширувањето на профилот на улицата до планираните 16,00 м е релативно лесно изведливо бидејќИ сите објекти кои треба да се елиминираат се стари И руинирани и можат да се заменат со нови во истите парцели.

3. да се преиспитаат и утврдат причините поради кои не се реализирани некои од собирните улици (Прв градски ринг, Нова собирна - во западниот дел на градот, две Нови собирни - во северниот дел на градот) и да се оцени реалноста од нивното понатамошно третирање како дел од уличниот систем;

4. да се преиспитаат планираните коридори на сите улици од примарната мрежа и да се прилагодат на реалните потреби и можности за нивната реализација во овој планерски период;

Овие две препораки се разгледуваа како една со оглед на нивната непосредна меѓусебна поврзаност. Имено, една од најсериозните причини за нереализирањето на некои од собирните улици е токму нивниот профил (главно над 20,00 м), со кој се загрозува постојниот градежен фонд. Треба да се одбележи дека се извршени имотно-правни и комунални активности за пробивање на дел од набележаните улици, како и тоа дека најголем дел од спомнатите коридори се третирани во двата последни основни (генерални) планови, што наведува на заклучок дека и понатаму постои потреба од нив, но дека е нужно намалување на нивните профили и прилагодување на реалните потреби на градот не само за задоволување на сообраќајот во движење, туку и на сообраќајот во мирување.

Поради тоа најголем дел од собирните улици се предвидуваат со профил од:

- коловоз -2 х 3,25 + 2,5м = 9,00 м од кои се две возни траки по 3, 00 м и една трака за подолжно паркирање
- тротоари - 2 х (2,00 + 1,50) м = 2 х 3,50 м во која ширина ќе се постават дрвореди и ќе се одбележи возна велосипедска трака
- или вкупен профил од 16,00 м

5. сервисните улици да се третираат како дел од примарната улична мрежа имајќи ја пред вид нивната улога во формирањето на урбани блокови или урбани модули - основни просторни целини во организацијата на градот;

Оваа препорака е почитувана и во примарната улична мрежа се интегрирани дел од сервисните градски улици. Нивните профили се главно акцептирани од постојните детални планови, а ако такви не постојат, постојните улични профили се предвидени да се прошират така да бидат унифицирани со планираните. Треба да се нагласи дека во текот на изработката на детални урбанистички планови трасата и профилот на овие улици можат по по потреба и да се менуваат.

9. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Извор: Просторен план за Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020

Основа при дефинирањето на планските мерки се две начела: усогласувањето и имплементацијата на Европското законодавство (конформизам) и конкретно организирање и спроведување на активностите (перформанси).

Конформистичкото начело има за цел поставување и реализирање на стандарди за управување со животната средина дефинирани со Европското законодавство; од друга страна, организирањето и спроведувањето се однесува на воспоставување на ефикасна институционална поставеност за поддршка на усогласувањето и спроведувањето на стандардите за живота средина. При реализирањето на овој процес треба да се изнајде модус што ќе ги поврзе целите на економскиот развој со оние зацртани во животната средина.

Мерките за заштита и унапредување на животната средина, утврдени со планските документи за животната средина, се усогласуваат со мерките определени со стратешките, планските и со програмските документи во областа на регионалниот развој, образованието и науката, стопанските дејности кои се засноваат на користењето на природните богатства, транспортот, телекомуникациите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето.

Во наредниот текст се презентирани политиките за заштита на животната средина според медиуми за наредниот плански период, засновани врз националните политики.

9.1. Управување со квалитет на воздух

Основна цел во секторот на управување со квалитет на воздухот е подобрување преку намалување на емисиите на основните загадувачки супстанции од релевантните сектори. За да се следи успешноста во постигнувањето на оваа цел локалните власти треба да усвојат индикатори кои ќе бидат предмет на постојан мониторинг.

Индикатори:

Годишни емисии на основните загадувачки материи CO_2 (закиселување/зимски смог), NOx (летен смог/озон), VOC, NH_3, O_3 (смог), CO (квалитет на урбаниот воздух) и честички, споредени со референтни вредности (т.е. вкупни емисии за 2004 година, доколку постојат податоци). Со исполнувањето на оваа цел, вкупните емисии треба да се намалуваат секоја година во однос на референтната година.

Постигнувањето на оваа цел во многу нешта ќе зависи од состојбите во индустрискиот сектор, пред се од економскиот развој во транзиционите услови, како и од успешноста на спроведувањето на процесот на издавање на интегрирани еколошки дозволи за А и Б инсталациите, согласно усвоениот план.

9.2. Управување со квалитети на води

Интегрираното управување со водите треба да биде засновано на принципите на одржлив развој, преку воведување на практика на управување со речен слив. Во Охридско-Преспанскиот регион овој принцип треба да биде сфатен пошироко, односно најмалата просторна единица за воспоставување на организирано управување со водите треба да бидат сливните подрачја на езерата. Како предуслов за ова е усвојувањето на Законот за води и определување на институционална структура за управување со овие две сливни подрачја, како и дефинирањето на улогата на локалните власти и нивните надлежности. Основа за управувањето со квалитетот со води во Охридско-преспанскиот регион ќе биде Стратегијата за управување со квалитет на води што се планира да биде изготвена. Нареден чекор ќе биде изработка на одделни планови за управување со квалитет на води на ниво на речен слив, односно во случајот на Охридско-Преспанскиот регион ќе се прават планови на ниво на сливно подрачје на езеро. Во наредниот период ќе се продолжи со активностите за заштита на двете езера што се поддржуваат од страна на интернационални донатори.

Доопремувањето на подрачјето со комунална инфраструктура ќе биде предуслов за понатамошно надградување и/или реконструкција на постојните пречистителни станици, се со цел усогласување на нивната работа со стандардите на Директивата за води.

9.3.Управување со квалитет на почви

Генерална цел во овој сектор е подобрување на состојбата со почвата во насока на нејзино одржливо користење преку намалување на ерозијата, контаминацијата и другите видови на деградација на почвите.

Имајќи предвид дека не постои систем за управување со квалитетот на почвата, пред се не постои утврдени систем на индикатори кои би се следеле преку соодветен мониторинг, во оваа област предстои голем обем на мерки што ќе треба да се превземат пред се на национално, а потоа ин а локално ниво.

9.4. Управување со цврст отпад

Постојната состојба во управувањето со цврстиот отпад во Македонија може да се карактеризира како субстандардна, неефикасна и попречувана од сериозни организационаи и технички дисфункционалности, со многу негативни ефекти врз животната средина и човековото здравје. Со намера да се тргне во вистинска насока, во рамките на Националниот план за управување со цврст отпад се поставија стратешки цели базирани врз идентифицираните проблеми.

Во Охридско-Преспанскиот регион прашањата од областа на управување со отпадот треба да се решаваат на повеќе начини и тоа:

Подобрување на ефикасноста на постојните претпријатија што вршат услуга во делот на постапувањето со отпадот

Проширување на услугата во руралните подрачја

Затварање на постојните мали диви депонии создадени од населението и примена на санкции врз несоодветно депонирање

Основање на меѓу-општинска соработка со цел воспоставување на регионални интегрирани системи за постапување со отпадот (со оглед на лимитот од 100 000 жители кои треба да поддржат исплатливост на инвестицијата и да ги покријат работните трошоци на постројките во рамките на регионалните системи, пред се санитарните депонии)

Подобрување на наплатата на надоместоците од страна на граѓаните

Исто така, неопходно е итно затворање/рекултивација на напуштените региони од охридската депонија, поради потенцијална опасност за површинските води во близина. Не е предложено целосно затворање на целата депонија, поради недостаток на било каква алтернативна опција за депонирање на отпад. До изградбата на (регионална) санитарна депонија постојнита депонија може да се користи.

9.5.Природа и биодиверзитет

Причините за губење на биодиверзитетот се следните:

Несоодветни и недоволни активности за спречување на загадување од индустријата, енергетиката, земјоделството, туризмот, транспортот и друга линиска инфраструктура

Фрагментација на природните хабитати и нарушување на природните коридори за миграција на видовите

Просторното планирање може значително да придонесе кон надминување на овие проблеми со цел зачувување и унапредување на биодиверзитетот

во Охридско-Преспанскиот регион со дефинирање на оптимална намена на користење на земјиштето во природните и полу-природните екосистеми.

Природните екосистеми се зачувани (или треба да бидат зачувани) во заштитените простори. Согласно рангот и категоријата на заштита во овие простори треба да се одржуваат пропишаните режими.

9.6. Управување со бучава

Во Охридскиот регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето, односно, и покрај недоволната опфатеност со мониторинг на бучавата, се смета дека бучавата не ги надминува дозволените стандарди. Сепак, како и во другите урбани центри, потребно е на заштитата од загадување со бучава да се посвети внимание,

9.7. Управување со индустриското загадување

Единствен и ефикасен начин да се спречи индустриското загадување е издавањето на интегрирани еколошки дозволи за спречување и контрола на загадувањето. Индустриите ќе бидат навремено информирани за активностите што ќе треба да ги спроведат со цел добивање интегрирани дозволи. На оваа постапка ќе подлежат како постојните индустриски капацитети, така и сите планирани, со тоа што постапката ќе биде различна во однос на периодот во рамките на кој објектите и инсталациите ќе треба да се усогласат со стандардите што ќе бидат дефинирани во дозволата, што ќе биде предмет на договор помеѓу Министерството за животна средина и поединечните индустриски капацитети.

Секоја индустрија што ќе биде евидентирана како носител на интегрирана дозвола, без оглед на тоа дали спаѓа во А или Б групата, ќе биде одговорна за примена на најдобрите расположливи технологии со цел да се спречи или минимизира загадувањето врз сите медиуми. Ова се однесува и на постапувањето со отпад, како и за понесувањето на одговорноста за рекултивација на било кое земјиште кое престанува да се користи за било какви цели.

9.8. Заклучок

Управувањето со животната средина е сложен процес што има за задача да овозможи одржлив развој. Ресурсите што во Охридско-Преспанскиот регион имаат извонредно значење, како на локално / регионално, така и национално значење се пред се ресурсите на езерата посматрани како сливни подрачја, заштитените подрачја со извонредни природни потенцијали, шумските предели на планините и квалитетното земјоделско земјиште.

Пред отпочнување на било каква иницијатива за реализирање на проекти од поширок обем (зони за туризам, стопанство, инфраструктура и с л.) секогаш е потребно да се направат претходни анализи од страна на

локалните власти, особено во сферата на техничката издржаност на проектите, како и можноста за нивно финансирање, како на инвестицијата, така и на трошоците за нивно одржување.

Во таа насока, анализите секогаш треба да ги содржат следните елементи:

1. Оценка на техничкото решение
2. Финансиски анализи
3. Економски анализи
4. Социо-културни анализи
5. Институционални анализи

Интегралната заштита во сливовите на езерата е основна цел при управувањето со животната средина. Конфликтите помеѓу различни функции и намена на користењето на земјиштето и активности што се евидентни (концентрација на услуги и лесна индустрија покрај регионалните и магистралните патишта, несоодветно зонирање на туристички објекти покрај езерата и недоволно користење на овие капацитети, појава на несоодветно депонирање на отпад, проблемите со ерозивниот нанос од река Сатеска, неконтролирањето на испуштање и др.) секогаш треба да се решаваат со изработка на планска документација од понизок вид, пејсажни планови или физибилити студии, при што претходно наведените анализи треба да придонесат кон разрешување на овие конфликти.

10. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО Извор: Просторен план за Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020

За избраните и разврстените подрачја и објекти во заштитени групи изработени се рамковни предлози на режими на заштита. Режимот за заштитените подрачја или објекти претставува список или опис на сите дозволени, условно можни и недозволени зафати, кои можат посредно или непоштедно да влијаат на состојбата на заштитеното подрачје или објект.

За заштитените подрачја со претходниот Закон за заштита на природните реткости и со новиот Закон за заштита на природата се предвидени четири степени на режим на заштита, кои се градирани во однос на строгоста на заштитните потфати:

1. зона за строга заштита
2. зона за активно управување
3. зона за одржливо користење
4. заштитен појас

10.1. Видови на режими на заштита

Режими за користење на националните паркови

I степен на режим на заштита

Се применува за подрачјата кои се "природни", а тоа значи ненаселени, без стопанско искористување и без влијанија на човекот. Пределите за кои би важел овој режим целта треба да биде да се зачуваат во што понедопрена состојба. Во нив треба да биде заштитена целокупната жива природа и сите природни процеси да се одвиваат без влијание на човекот.

Подрачјата со најстрог режим на заштита главно имаат културна и научна вредност како делови на дивината. Покрај тоа тие имаат уште и еколошка функција (прибежиште за животини и растенија), студиско истражувачка (објект за природонаучни истражувања) и рекреативна функција (доживувањево првобитна, релативно неизменета природа).

Се разбира, дека површините под овој режим на заштита имаат исто така и други функции, на пример да служат како заштитни шуми за водни резерви и сл.

II степен на режим на заштита

Овде доаѓаат во предвид ненаселени подрачја кои не се толку погодни за стопанско искористување (пасишта, планини, ограничени подрачја за лов и риболов и.т.н.), но кои имаат добро истакнати природни состојби. Ваквите простори во најголем број од случаите се наоѓаат во високопланинските подрачја за кои би одговарал вториот степен на режим на заштита. Овие простори имаат ограничена стопанска функција и тие се значајни како зони на мирот, како засолништа на животни и како погодни делови за рекреација без технички справи (пешачење, алпинизам, скијање и т.н.). Подрачјата со II степен на режим на заштита заедно со зоните за кои важи најстрогиот вид на заштита, ја чинат сржта на паркот. Тие, исто така, наменети се и за научни истражувања а имаат и стабилизаторска улога во екологијата на пределот (заштита од ерозија и одронувања, резервати за вода за пиење и т.н.).

III степен на режим на заштита

Важи за прометно достапни, главно селско стопански и шумски подрачја, кои можат да бидат населени. На подрачјата за кои би важел овој режим при добри селско стопански или шумски искористувања, би го зачувале културниот, аграрниот и шумскиот предел. Во однос на природозаштитното и културното значење во овој степен на режим на заштита би припаѓале подрачјата кои не би можеле веќе да се вбројат во претежно природни, меѓутоа исто така и не се толку стопански, технички и со населеност искористени.

Подрачјата со овој режим на заштита треба да бидат отворени за јавен промет, заради зачувување на природата и културата на областа (пределот). Изградбата на згради за постојано или времено живеење, како и изградбата на комуникации, треба да биде ограничена за потребите на стопанското и шумското искористување како и за туристичко-рекреативните дејности кои се поврзани со слободната природа. Овие предели би биле наменети исто така и за дневна рекреација на туристите.

IV степен на режим на заштита

Одговара за времени или постојано населени места кои пред сé имаат селско-стопанска намена. На овие површини треба да биде ограничен развојот на сите оние дејности кои негативно влијаат на екологијата на областа и на нејзиниот изглед.

Овој заштитен режим дозволува постоење и развој на населби, објекти и поставување на справи (технички помагала) потребни за економско успешен развој, меѓутоа за нивното распоредување, големина и густина треба посебно да се внимава и постојано да се ускладува со расположивите природни можности како и со начелата на обликување и заштита на природата и културата на пределот. Заради зачувување и подобрување на животните услови на населението кое живее на овие простори, на подрачјата кои се опфатени со овој заштитен режим, покрај земјоделството, шумарството и туризмот исто така треба да се развиваат и оние стопански или нестопански дејности кои не ги загадуваат воздухот, водата или почвата и кои не влијаат на изгледот на пределот и кои се во склад со соодветната туристичко-рекреативна функција на просторот.

Режим на заштита за хидролошки споменици

О г р а н и ч у в а њ а:

Со правилата е забрането:

- секакво загадување на водата (на пр. да се испуштаат технолошки одпадни води, течни отпадоци, канализациски води и тн.),
- да се искористуваат хидроенергетски (на пр. градење на брани, собирни езера за протечни, деривациски или прецрпни електрани, да се градат други разни хидроенергетски објекти и т.н.),
- да се менува природната температура на водата (на пр. при употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти),
- секоја друга промена на составот на водата (на пр. промена на ph, на количеството на органски или неоргански растопени но цврсти во водата материи),
- менување на водниот режим (на пр. времено или стално одземање или додавање вода),
- поголеми регулациски градежни работи (на пр. промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки и т.н.),
- да се градат градби од сите видови на брегот или во непосредна близина на брегот (на пр. станови или викендици, туристички објекти, стопански градби, паркиралишта),
- да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини или за заштитата на обработливите површини во близина (на пр. огради, долови и други пречки и т.н.),
- фрлање или пуштање на сите видови отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата,
- возење со моторни чамци (освен со електрични мотори на акумулатор или друг вид еколошка енергија),

По исклучок и по претходна согласност на соодветната служба за заштита можно е:

- да се градат патишта, мостови и инфраструктурни објекти на потесното подрачје на хидролошкиот објект односно водниот тек,
- да се менува крајбрежната вегетација (на пр. да се проредуваат и сечат дрвја и грумушки, да се засадуваат бреговите и т.н.),
- да се одзема спруд, песок или калиште од крајбрежјето, спрудиштата или од дното на коритото, помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови и т.н.),

Забелешка:

Наведените ограничувања не важат за постојната состојба која можеби не е во склад со заштитниот режим освен ако тоа не е во одделни примери наведено.

10.2. Заштита на природата - заштита на биолошката и пределската разновидност и заштитата на природното наследство

Заштитата на природата подразбира активности, мерки и режими за зачувување, унапредување и користење на природните добра на сите нивоа на општествените интереси. Тргнувајќи од концептот за траен развој базиран на заштитата на необновливите и рационално користење на обновливите ресурси се оценува дека заштитата на природата претставува средство за остварување на специфичните програми за развој.

Со планските определби до 2020 год. е предвидена заштита на простор со особени природни вредности со површина од околу 48.677,53 ха или 25.87% од вкупната површина на регионот кој е предмет на разработка 188117,00ха.

За заштита, покрај постојните 11 заштитени објекти со републички акт, односно решение, (Охридско Езеро, Преспанско Езеро, Галичица, Езерани, Калојзана, Непретка, Рупа, Македонски Даб, Платан-Чинар, Платан и Вевчански извори) со вкупна површина од 48028,10 ха., предвидени се и други простори и тоа: за научно-истражувачки природни резервати се предложени објектите Осој, Голем Котел, Кула, Остров Голем Град, со површина од 551 ха, како посебен природен резерват е предложен Студенчишта со површина од 30 ха, и за споменици на природата предложени се вкупно 13: Дабови стебла, Ела, Костен, Леска, Лесковечка Пештера, Острово, Пештера Самоска Дупка, Пештера Јаорец, Платан, Вевчанско Езеро, Ела, Платан и Подгоречко Езеро, со вкупна површина од 68.43х.

Табела: Заштитени објекти

забелешка: категоризациите се по стар закон:

НП-национален парк,

НИПР-научно истажувачки природни резервати,

ППК-предел со посебни природни карактеристики,

КП-карактеристични пејсажи,

ППР-посебни природни резервати,

ОРЖВ-одделни растителни и животински видови,
СП-споменици на природата

Група	Име на објектот	Општина	Состојба на заштита
НП	Галичица	Охрид, Ресен	заштитен
СПР	Езерани	Ресен	заштитен
НИПР	Осој	Охрид	предлог
НИПР	Голем Котел	Ресен	предлог
НИПР	Кула	Ресен	предлог
НИПР	Остров Голем Град	Ресен	предлог
ППР	Студенчишта	Охрид	предлог
ОРЖВ	Калојзана	Ресен	заштитен
ОРЖВ	Непртка	Ресен	заштитен
ОРЖВ	Рупа	Ресен	заштитен
СП	Дабови стебла	Струга	предлог
СП	Ела	Вевчани	предлог
СП	Костен	Струга	предлог
СП	Леска	Ресен	предлог
СП	Лесковечка Пештера	Ресен	предлог
СП	Македонски Даб	Охрид	заштитен
СП	Острово	Охрид	предлог
СП	Охридско Езеро	Охрид, Струга	заштитен
СП	Пештера Самоска Дупка	Охрид	предлог
СП	Пештера Јаорец	Охрид	предлог
СП	Платан	Струга	предлог
СП	Платан-Чинар	Охрид	заштитен
СП	Платан	Струга	заштитен
СП	Вевчански Извори	Вевчани	заштитен
СП	Ела	Вевчани	предлог
СП	Подгоречко Езеро	Вевчани	предлог
СП	Платан	Вевчани	предлог
СП	Вевчанско езеро	Вевчани	предлог
СП	Преспанско Езеро	Ресен	заштитен

10.3. Опис на конкретни области и објекти

НАЦИОНАЛЕН ПАРК

Галичица

Локација: Зафаќа вкупна површина од 22.750 ха, се наоѓа помеѓу Охридско и Преспанско Езеро на крајниот југозападен дел од Републикава. Во него се среќаваат 41 вид на дрвенести растенија, 40 грмушки, 16 шумски заедници и 16 тревести заедници. Националниот парк Галичица се одликува со голема застапеност на реликтни и ендемични растенија.. Од фауната во паркот се среќаваат 10 видови на водоземци, 17 видови на влечуги, 124 видови на птици и 40 видови на цицачи.

Значење: Најзначајна карактеристика на националниот парк Галичица е положбата што ја има помеѓу двете езера Охридско и Преспанско, разиграната орографија, интересните геоморфолошки структури (длабоки

долови, глацијален рељеф, циркови, карсни форми и пештери), многу разноврсниот вегетациски состав и богатство на флористички елементи, како и присуство на голем број значајни културно-историски споменици, меѓу кои и манастирот Св. Наум, словенско светилиште од 10 век. Во границите на паркот се наоѓа и единствениот остров во Р. Македонија, островот Голем Град на Преспанско Езеро, со големо значење од ботанички, геоморфолошки и зоолошки аспект, представува и една од поважните археолошки зони од хелениумот и римската цивилизација.

Намена: Просторот има добри услови за туризам со следниот регистар на туристички активности: летен езерски туризам, викенд туризам, транзитен туризам, риболовен туризам, планински туризам, конгресен и деловен туризам, зимско-спортски туризам.

Состојба на досегашна заштита: Во националниот парк издвоени се две зони: строго заштитена и мелиоративна. Строго-заштитена зона ја чини просторот околу врвот Магаро(2254м), отсеците заедно со него и локалитетите Нова Ливада и Тепено со двата цирка. Оваа зона зафаќа површина од 550ха. Мелиоративната зона го зафаќа останатиот простор од националниот парк. Во неа се издвоени мелиоративна зона со посебни вредности и мелиоративна зона со насочена заштита.

Мелиоративната зона со посебни вредности се наоѓа, јужно од потегот Градиште-Бугарска Чука, Асанѓура-Кота, Девет Браќа, Смолница, Калето, Сир Хан до државната граница со НР Албанија и бреговите на Охридското и Преспанското Езеро и завзема површина од околу 12.500 ха. Во оваа зона издвоени се следниве природни богатства:

Природни резервати:

Острово Голем Град-20 ха
Месност Присој над Отешево- 23ха
Месност Плош- 31ха
Месност Плуска- 60 ха
Месност Тесен Камен-69ха
Локалитет Голем Осој (Локо Сигној)-890ха
Локалитет Калето-Томорос-950ха.
Локалитет Пречна Планина-540 ха.

Споменици на природата:

Геолошки профил над с.Љубаниште-40ха
Локалитет јужно од Лескоец-50 ха
Изворите на Црни Дрим
Блато кај Стење-18 ха
Биљанини извори
Мочуриште Студенчишта

Втората мелиоративна зона со насочена заштита е на просторот од потегот Градиште-Асанѓура-Сир Хан со површина од 9.700 ха. Во зоната издвоени се следниве туристичко-рекреативени простори: крајбрежни туристички простори на Охридско-Преспанското Езеро и планинскиот туристичко-рекреативен простор.

Опфат: Националниот Парк Галичица се наоѓа во следните граници: на исток од врвот на Вишесла до брегот на Преспанско Езеро кај Сир Хан, се до западниот брег на Преспанско Езеро до островот Голем Град, на југ по

македонско-албанската граница до Охридското Езеро. На запад по источниот брег на Охридското Езеро односно по патот Св.Наум-Охрид до манастирот Св. Стефан.

Загрозеност: Во границите на паркот присутни се поголем број на негативни антропогени дејства: засипување на мочуриштето кај Студенчишта со шут и отпаден материјал со што прети опасност да се уништи еден природен феномен создаван со милениуми, присуство на голем број депонии на источните падини на Галичица, недозволен лов и риболов и собирање на лековити растенија со што се доведува до уништување и деградација на флората и фауната. Како загрозувач на природната средина, особено на шумскиот фонд, представува подигањето на спортски терени на северните падини на Стара Галичица, односно попречување на движење низ терени и патеки каде се среќаваат најубавите примероци од букови и елови шуми.

Меѓународен статус: Категорија II по IUCN-национален парк.

ПРИРОДНИ РЕЗЕРВАТИ

Строги природни резервати, Научно-истражувачки природни резервати, Предели со посебни природни карактеристики, Карактеристични пејсажи и Посебни природни резервати и Оделени растителни и животински видови.

Студенчишта - ППР (предлог)

Режим на заштита 5-ти и 7-ми. и меѓународен статус, категорија IV по IUCN.

Блатото Студенчишта е многу важен екосистем за одржување на природната равнотежа на еден дел од езерските биоценози. Како биотоп, блатото е *нераскинлив дел* од Охридското Езеро, всушност го придружува езерскиот екосистем. Тоа е *продукт на генезата* на Охридското Езеро и е значајно за *објаснување на опстанокот на генезата* на живиот свет. Блатниот екосистем има огромно значење за објаснување на опстанокот на живиот свет во езерото и тоа на повеќе видови животински групи, а особено на представниците на стариот терциерен свет.

Најважната функција на ова блато, заедно со неговите изворски води, е фактот што *тука се создаваат* односно настануваат повеќе видови животински групи кои го населуваат езерото (полжави, планарии, амфиподи, изоподи, остракоди и други.)

Блатото представува *живеалиште на богат и разновиден жив свет*. Досега овде се регистрирани пет вида водоземци, два вида влечуги и осумнаесет вида птици. Тука навраќаат и прелетни птици, тука се мрести крапот, а засолниште и храна наоѓаат и други видови риби. Регистрирани се и ретки фаунистички елементи како меѓу полжавите, нижите ракообразни водни инсекти, така и меѓу покрупните животни.

Флористичкиот свет на ова блато го сочинуваат многубројни видови карактеристична блатна вегетација со широко, космополитско распространување. Меѓутоа, се јавуваат и видови кои овде ја достигнуваат својата *најјужна граница на распространување.* Ваква стара блатна заедница е регистрирана во Словенија, во Хрватска и во средна Европа.

Сиот овој богат, разновиден свет, како и процесите кои во ова блато се одвиваат се резултат на специфични еколошки услови (особено на високото ниво на подземни води и дотекот на изворска вода) кои во долг временски период се задржале во неизменет однос. Поради сето ова, научните работници сметаат дека блатото Студенчишта заедно со блатните предели до Стење и Перово и Езерени на Преспанското Езеро, на територија на Македонија се *единствени блатни биотопи зачувани во прилично изворна состојба* и поради тоа предлагаат овие предели да се сочуваат во нивната природна состојба и да се стават под заштита на општествена заедница.

Охридско Езеро, СП (заштитен), се наоѓа на југозападен дел од Македонија, на границата меѓу Македонија и Албанија, на надморска височина од 695м и се граничи со масивите на Мокра Планина и Јабланица (од страна на Албанија) и со варовничкиот венец на Галичица од источна страна.

Охридското Езеро зафаќа површина од 358,2км^2 од кои 2/3 припаѓаат на Македонија и 1/3 на Албанија. Максимална длабочина изнесува 289м.

Заради географската изолираност и поволни хидрографски услови зачувани се и во него живеат околу 146 видови едемични организми. Еден дел од нив представуваат живи фосили речиси неизменети од терциер наваму како: ендемскиот сунѓер, реликтните видови полжави (над 27) од кои 86% се ендемични, неколкуте реликтни видови глисти, како и поголем број реликтни видови алги меѓу кои најбројни се дијатомеите.

Според Спировски ендемизмот што го карактеризира охридскиот жив свет се: Infusorija (88%), Rhabdacoela (44%), Trikladida (71%), Gastopoda (90%), Ostrakoda (66%) и риба (60%). Рибниот свет е представен со 17 автохтони видови од четирите фамилии. Salmonidae (2 vida), Ciprinidae (12 vida), Cobitidae (2 vida) i Anguillidae (1 vid). Во рибарството 10 вида имаат комерцијална вредност и два се со ендемски карактер охридската пастрмка (Salmo latnica) и белвицата (Acantolingua ohridana), Европската јагула (Anguilla anguilla) и кечига (Alburnus albidus alborela). Крајбрежието е богато со заедница од макрофитна вегетација-трски (Phragmites communis) и акватична птичја фауна-гњуречки птици (пеликан и корморан).

Заради вакво богатство со природни вредности, Охридско езеро во 1979 година е внесено во списокот на светско наследство како природно добро, а во 1980 год. заради значајните културно-историски вредности во поширокиот простор тоа е номинирано и како Охридско природно и културно-историско подрачје. Површината на езерото изнесува 23000ха.

Важи за едно од најзначајните туристички знаменитости во Македонија и со културно-историско значење од светски размери. Тоа представува научно-истражувачки објект и со посебни геоморфолошки и хидролошки вредности. Езерото има многустрана биолошка намена, изобилува со биотопи на слатководна фауна и орнитофауна.

Присутни се негативни појави од антропогени дејствија: диви депонии, дивоградби, насипување на делови од крајбрежието со градежен шут. Треба да се превземат ригорозни мерки за спречување на присутните деградации. Има 2-ри, 4-ти, 5-ти и 7-ми режим на заштита и меѓународен статус III по IUCN.

11. НАСОКИ И ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Извор: Просторен план за Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020

11.1. Планирање на заштитата на недвижните културни добра

Со планирањето на заштитата на недвижните културни добра, како неделив дел на планирањето на севкупниот општествен развој и како составен дел и обврска на општествено - политичките заедници во процесот на општественото, просторното и урбанистичкото планирање, во рамките на општествените, просторните и урбанистичките планови, како и плановите за посебна намена, се остварува општествената политика во оваа област, а особено се утврдуваат задачите, решенијата и мерките кои треба да се преземаат со цел за правилна заштита, презентација и користење на културните добра.

Со плановите и програмите за општествено-економскиот развој, општествено-политичките заедници ги утврдуваат смерниците на развојот и развојната политика на дејноста заштита на недвижните културни добра.

Во сите фази на изработката на просторните и урбанистичките планови од секој вид и ниво задолжително е дефинирањето на односот кон културните добра врз основа на изработени конзерваторски основи според видот на планот.

Документацијата за изработка на просторните и урбанистичките планови задолжително содржи и документација за постоечката состојба на културните добра на подрачјето за кое планот се изработува и донесува.

Документацијата за културните добра содржи особено: општествени, општествено - економски и културно - историски услови за развој на подрачјето за кое се изработува планот; попис на културните добра во кој посебно се наведува утврдената категоризација и режим за заштита, како за прогласените културни добра така и за оние за кои се предлага прогласување; состојба, загрозеност и причини за загрозеност на културните добра на подрачјето за кое се изработува планот.

Документацијата за културните добра се изработува во текстуална форма и графички прикази во обем и мерка кои одговараат на нивото на планот.

Во просторниот и урбанистичкиот план, врз основа на документацијата за културните добра, задолжително се утврдуваат: смерници за заштита на поедини културни добра и нивни целини; режим за заштита на поедини културни добра и нивни целини; посебни услови во согласност со Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир.

Смерниците за заштита на поедини културни добра, односно нивни целини може да содржат и одредби за потребата од изработка и донесување на подетални планови (просторни и урбанистички планови за посебна намена, урбанистички проекти, проекти за санација односно реконструкција на поедини објекти и целини и сл.) за поедини културни добра, односно нивни целини.

За културните добра од особено и големо значење, се изработуваат просторни и урбанистички планови со посебна намена кои, покрај

останатата документација, содржат и програми за санација, реконструкција, презентација и користење на културното добро за кое се донесува планот.

Носителите на изработката на планот за посебна намена или друг детален план за одредено културно добро, должни се да обезбедат планот да биде во согласност со просторниот и урбанистичкиот план за поширокото подрачје. Доколку решенијата во планот за посебна намена или во другиот детален план се во спротивност со планот за поширокото подрачје, се покренува постапка за изменување на планот на поширокото подрачје.

Во изработката на просторните и урбанистичките планови задолжително соработува стручната организација за заштита на недвижните културни добра.

Просторните и урбанистичките планови за посебна намена и други детални планови за културните добра ги изработуваат за тоа овластени стручни организации за заштита на недвижните културни добра, во соработка со организациите за просторно и урбанистичко планирање.

Надлежните републички органи, во согласност со општата методологија за изработка на просторни и урбанистички планови, ќе утврдат посебна методологија во планирањето на културните добра.

11.2. Плански насоки за заштита на културното наследство

Републиката ќе обезбедува трајни извори на финансиски средства за заштита, уредување и одржување на културните добра кои се од општ интерес и уживаат посебна заштита и со своите мерки и активности ќе создаваат услови за вклучување на сите заинтересирани субјекти во заштитата и зачувувањето на овие добра, во согласност со плановите за уредување и заштита на културните добра.

Републиката особено ќе ја потикнува научно - истражувачката работа во областа заштита на културните добра и соработката на стручните организации за заштита на културните добра со научните институции и организации во областа на природните и општествените науки.

Посебна обврска на надлежните републички органи и стручните организации за заштита на културните добра е спроведувањето на меѓународните ратификувани документи за заштита на културните добра. Во спроведувањето на меѓународните документи за заштита на културните добра, преку национални комитети ќе се соработува со меѓународните невладини организации за поедини области на заштитата на културните добра.

Во согласност со наведените одредби, треба да се усогласат законските прописи во областа на заштитата на културните добра и областа на општественото планирање.

Посебно внимание треба да се посвети на усогласувањето на законските прописи и извршни акти во другите законодавни области со прописите во областа на заштитата на културните добра и општественото, просторното и урбанистичкото планирање, а особено со даночните, царинските и градежните прописи, како и прописите од областа на управувањето со станбените и административни објекти.

Во случај кога со примена на градежните прописи и нормативи, односно нормативи од прописите за управување со станбените и административни објекти се оневозможува или отежнува презентацијата на изворната состојба на културните добра, треба да се предвидат соодветни отстапувања од тие прописи.

11.3. Обврски од Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство

Како културно наследство, за потребите на оваа Конвенција, се подразбираат:

Споменици: дела на архитектурата, монументални вајарски или сликарски дела, елементи или структури од археолошки карактер, множества и групи на елементи кои имаат извонредна универзална вредност од историско, уметничко или научно гледиште;

Групни зданија: групи на изолирани или поврзани градби, кои по својата архитектура, единство или вклопеност во пејсажот претставуваат извонредна универзална вредност од историска, уметничка или научна гледна точка;

Знаменити места: дела создадени од човекот или комбинирани дела создадени од човекот и природата, како и зони, вклучувајки ги тука и археолошките наоѓалишта, кои се од универзално значење од историска, естетска и етнолошка или антрополошка гледна точка.

Република Македонија, како членка на оваа Конвенција, е должна да ги утврди и разграничи разните културни добра (претходно споменати), кои се наоѓаат на нејзината територија.

Република Македонија, како членка на оваа Конвенција, признава дека првенствено во нејзина должност спаѓа пронаоѓањето, заштитата, конзервирањето, популаризацијата и пренесувањето на културното наследство, кое се наоѓа на нејзината територија, на идните генерации.

Република Македонија, како членка на оваа Конвенција, ќе настојува, по можност:

- да усвои општа политика насочена кон тоа, на културното наследство да се даде одредена функција во животот на заедницата и заштитата на тоа наследство да се вклучи вопрограмите на општото планирање;
- да се формира, доколку сеуште не се формирани, една или повеќе служби за заштита, одржување и ревалоризирање на културното наследство, кои ќе имаат на располагање соодветен кадар и средства како би можеле да ги извршат поставените задачи;
- да развива научни и технички проучувања и истражувања, како и да усоврши такви методи на работа врз основа на кои државата ќе може да се спротистави на опасностите кои го загрозуваат нејзиното културно наследство;
- да презема соодветни законски, научни, технички, административни и финансиски мерки кои се потребни за

пронаоѓање, заштита, одржување, популаризација и обновување на тоа наследство;

- да работи на воспоставување на национални или регионални центри за обука на полето на заштитата, одржувањето и популаризацијата на културното наследство и на стимулирање на научните истражувања на тоа поле.

Врз основа на предлогот на Република Македонија од 1979 година (тогашна СР Македонија), како културно и природно наследство од извонредно висока универзална вредност, во Списокот на светското наследство е запишано: "Охридскиот регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна околина".

За заштита на ова подрачје, нашата земја може да побара меѓународна помош од Комитетот на светското наследство при УНЕСКО, која се состои од:

- Студии за уметничките, научните и техничките проблеми кои ги бара заштитата, одржувањето, популаризацијата и рехабилитацијата на културното и природното наследство;
- Служба на стручњаци, техничари и квалификувани работници за да се обезбеди точно изведување на усвоен проект;
- Оспособување на стручњаци на сите нивои во областа пронаоѓање, заштита, конзервација, популаризација и рехабилитација на културното и природното наследство;
- Снабдување со опрема која заинтересираната држава не ја поседува или не може да ја набави;
- Заеми со намалена камата или без камата, со долг рок на отплата;
- Субвенции, во особени и посебно образложени случаеви, без обврска за отплатување.

Како обврска, во извештаите кои Република Македонија ги доставува до Комитетот за светско наследство, се наведуваат и законодавните и административните мерки кои се преземени за примена на оваа Конвенција, како и поединости од искуството стечено на ова поле.

11.4. Улогата на локалните власти во остварувањето на заштитата на културното наследство според меѓународните акти

Од мноштвото меѓународни акти што се однесуваат на прашања во врска со заштитата на културното наследство, овде ги издвојуваме познатата Амстердамска декларација од 1975 година, како клучен акт во кој во најразвиена форма е обработено прашањето за улогата на локалните власти во остварувањето на заштитата на културното наследство и Конвенцијата за заштита на архитектонското наследсатво во Европа, од 1985 година, како единствен акт, ратификуван од нашата земја, што има задолжително правно дејство.

Во првиот документ, посебно внимание заслужуваат следните определби:

- локалните власти мора да имаат широки и јасно утврдени овластувања во поглед на архитектонското наследство;

- иднината не може и не треба да се гради за сметка на минатото;
- локалната самоуправа мора да има свои делегати што ќе бидат одговорни за сите работи во врска со архитектонското наследство;
- локалните власти треба да формираат специјални служби што би ги осигурале непосредните врски на потенцијалните објекти со нивните сопственици;
- локалните власти треба да овозможат создавање и ефикасно функционирање на организации што ќе се занимаваат со прашањата на реставрација и ревитализација;
- локалните власти треба да ја усовршат постапката за прибавување на мислења од заинтересураните страни во врска со плановите за конзервација;
- локалните власти треба да практицираат политика на вклучување на младите во работите од областа на заштитата на архитектонското наследство;
- дел од својот буџет локалните власти треба да го наменат за зачувување на архитектонското наследство, а во таа смисла, да даваат субвенции и заеми на поединци.

Според вториот акт, Конвенцијата за заштита на архитектонското наследство, обезбедувањето на заштитата на архитектонското наследство преку просторното и урбанистичкото планирање е поставено како императив на сите нивои (чл. 10). Покрај тоа, на локалните власти им е загарантирано правото да учествуваат во механизмите за прибавување на информации, консултации и соработка со државните органи (чл. 14).

11.5. Цели и плански мерки за заштитата на недвижните споменици на културата во планскиот период до 2020 година

Планирањето на заштитата на недвижното културно наследство е нераскинлив дел на планирањето на економскиот, социјалниот и просторниот развој на одделни подрачја и земјата во целина, а во тие рамки и на просторното и урбанистичкото планирање.

Со планирањето на заштитата на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови се утврдува долгорочната политика на просторниот развој на државата и локалната самоуправа во оваа област.

Најголем број на *целите* дадени во планот се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво, односно:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните планови од пониско ниво: просторните планови на региони, националните паркови, на општините и на град Скопје, како и на урбанистичките планови заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на

нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;

- усогласување на методологијата, критериумите и постапката за валоризација на недвижното културно наследство, на органите и организациите надлежни за нивна заштита заради класификација, категоризација и утврдување на соодветен режим на заштита на најзначајните регистрирани и евидентирани споменици и споменични целини;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање, во урбанистичките планови се утврдуваат *плански мерки* за заштита на градителското наследство.

Планирањето на организацијата, уредувањето и користењето на просторот и изградбата на градовите и населените места и другите простори предвидени за станбена и друга комлексна изградба, што е основната функција на просторните и урбанистичките планови, треба да содржи просторен аспект на заштитата на недвижното културно наследство, во активна, позитивна и афирмативна смисла.

Тоа значи дека недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистичките планови ("Сл. весник на РМ" " бр. 4/96, 8/96, 18/97, 18/99, 53/01, 45/02 и 51/05) пропишува обврска сите видови на просторни и урбанистички планови да содржат плански мерки за заштита на градителското наследство (спомениците на културата), а деталните урбанистички планови и третман на спомениците на културата-градителското наследство.

Тоа значи обврска информационо-документациската основа на планот да содржи анализа и документација за постојната состојба и валоризација на недвижното културно наследство во рамките на планерскиот опфат, што претставува основа за неговата класификација, категоризација и утврдување на режимот на заштита.

Документацијата за недвижното културно наследство содржи особено:

- инвентаризација на недвижните културни добра;
- класификација на културното наследство;
- категоризација на културното наследство;
- состојба со загрозеност и причините за загрозеноста на културните добра;
- насоки за утврдување на режимот на заштита, со посебни услови во согласност со Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир;
- насоки за плански третман и мерки за заштита на културните добра.

Податоците за состојбите, инвентаризацијата со класификацијата, валоризацијата со категоризацијата и насоките за режимот на заштитата на недвижното културно наследство, ги обезбедуваат надлежните стручни организации за заштита, во согласност со критериумите за вреднување утврдени со пропис, а доколку тие не се пропишани, врз основа на општоприфатените научни критериуми (научна валоризација).

Документацијата на недвижното културно наследство содржи особено и: општествено-економски и културно-историски услови за развојот на подрачјето за кое се изработува планот; попис на културните добра, во кој посебно се наведува утврдената категоризација и режимот на заштита на прогласените и предложените за прогласување културни добра (спомениците на културата); загрозеност и причини за загрозеност на културните добра.

Режимот на заштита на спомениците на културата, а во тие рамки и на недвижното културно наследство, произлегува од одредбите на Законот за заштита на спомениците на културата, според кои надлежниот државен орган или организација со решение за утврдување својство споменик на културата пропишува режим и мерки за заштита.

Режимот и мерките за заштита на недвижното културно и историско наследство, согласно споменатите закони и меѓународни конвенции се пропишуваат на начин соодветен на методологијата на планирањето на просторните и урбанистичките планови, заради што е потребна соработка со органите и организациите надлежни за заштита на културното наследство, во нивната подготовка.

Притоа како една од основните цели се поставува потребата од усогласување и утврдување на единствената методологија, критериуми и постапка за класификација, валоризација и категоризација на недвижното културно наследство.

Концептот на организација на просторната или урбаната агломерација, содржана во нацртот и предлогот на просторниот или урбанистичкиот план, од аспект на заштита на недвижното културно наследство треба да определи и утврди:

- зони за заштита на споменични целини и поединечни споменици, со диференциран режим на заштита;
- контактни зони (критичен периметар) за поединечни споменици, со кои се утврдува односот помеѓу старото и

новото, со специфични услови за градба во одделни подзони;

- предлог за ревитализација на најзначајните споменички целини и споменички објекти, со предлози за нивното наменско користење и вклопување во просторната организација;
- резервирани зони за идни археолошки истражувања.

Во просторниот и урбанистичкиот план, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за нивната заштита, како и насоки за определување на режимот на заштита на одделни културни добра и нивните целини.

Во насоките за заштита во просторните и урбанистичките планови, покрај предвидување на планските мерки за заштита на недвижното културното наследство, може за одделни делови со особени културни вредности да се укаже на потребата за донесување на планови од пониско ниво, детални урбанистички планови или урбанистички проекти, како и за изработка на проекти за санација и реконструкција.

Согласно горното, Заводот За заштита на спомениците на културата Охрид изврши зонирање со контактните зони и режим за заштита.

Првата зона го опфаќа стариот дел на градот со чаршијата, плоштадот и пристаништето и е **зона на строга заштита (посебна заштита).** Границите се точно обележани во графичкиот прилог и за зоната е **предвиден режим на заштита од прв степен.**

Втората зона го опфаќа приобалниот појас од плоштадот до населбата Рача (јужно од улицата Партизанска) на исток и приобалниот појас од старото градско јадро до реката Сатеска (јужно од ул. Васил Стефоски) и се зони на ограничена заштита (гарантирана заштита). Границите се точно обележани во графичкиот прилог и за зоната е **предвиден режим на заштита од втор степен.**

Контактната зона опфаќа појас со ширина од околу 100 м и се движи околу старото градско јадро, поточно на исток, север и северозапад од јадрото. Границите се точно обележани во графичкиот прилог и за зоната е **предвиден режим на заштита од трет степен.**

Надвор од строго заштитеното јадро бројни се поединечни споменици на културата од кои некои се археолошки локалитети, а други се објекти со одредени архитектонски вредности адекватни на времето на градба на објектите.

Исто така се одбележани и **резервирани археолошки зони** кои се со **режим на заштита од прв и втор степен**, без оглед на тоа дека дел од нив излегуваат надвор од границите на опфатот на ГУП.

11.6. Извод од листата на 100 најзагрозени споменици на културата на кои се потребни итни конзерваторско - реставраторски интервенции во опфатот на градот Охрид

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во 1996 година ја промовира идејата за обнародување на т. н. в С. О. С. Листа на

100 споменици на културата на кои се потребни итни конзерваторско реставраторски интервенции.

Оваа Листа предочува само еден аспект на заштита - физичката, односно техничката или непосредната заштита. Таа не се однесува на состојбата со документираноста на градителското наследство. С. О. С. Листата е изготвена врз основа на стандардните критериуми што се применуваат и при составувањето на годишните програми за работа: (а) значење на споменикот на културата; (б) степен на загрозеност и (в) континуитет на работите. При тоа, Листата е сведена на симболична бројка (100), повеќе во пропагандни цели, односно со цел за сензибилизација на јавноста и на централните и локалните власти, отколку како јавна книга што ја изразува фактичката состојба на загрозеност на културното наследство. Имено, бројот на спомениците на културата што заслужуваат конзерваторски третман е значително (4 -5 пати) поголем од бројката што овде е симболично назначена. Дел од набележаните интервенции е извршен во периодот после 1996 година, со Што е докажана и исправноста на обнародувањето на С. О. С. Листата на 100 споменици на културата на кои се потребни итни конзерваторско реставраторски интервенции.

01 - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ

(17) *0117 - Базилика "Дебој"*

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со решение бр. 07-57/1 од 28. 03. 1968 година, во Централниот регистар запишан под рег. бр. 924, со матичен бр. 4-819-038/64 РНД.

Локалитетот претставува базилика со сочувани подни мозаици. Археолошки ископувања и истражувања се вршени во 1978/79 година. Потребно е да се изврши конзервација и дислокација на мозаиците. Постои елаборат за конзервација и Проект за дислокација.

02 - ТВРДИНИ

(18) *0201 - Самуилова тврдина*

Споменик на културата ставен под заштита на законот со решение бр. 07-51/1 од 22. 03. 1968 година, во Централниот регистар на недвижни споменици на културата запишан под рег. бр. 919, со матичен број 4-819-038/21 Р НД.

Денешната форма на Охридската тврдина е од времето на Самоил, со бројни уривања и поправки за време на византиското и османлиското владеење. Меѓутоа, историјата на оваа тврдина датира далеку пред Самоиловиот период.

Овој споменик на културата не е целосно истражен. Археолошки ископувања и истражувања се вршени во 1964 год. и во периодот 1994-1996 година. На одредени делови на тврдината се вршени превентивни и конзерваторски работи од помал обем.

За заштита на овој споменик на културата и негова ревитализација се покренувани повеќе неуспешни иницијативи. Оваа споменична целина е во исклучително лоша состојба.

Потребно е да се спроведат заштитни, но и систематски археолошки ископувања и истражувања, според изготвениот елаборат, но и обемни конзерваторско - реставраторски работи на sидините и кулите.

Забелешка: Најголемиот дел од набележаните интервенции е изврШен, а истражувањата се во тек и продолжуваат.

03 - ЦРКВИ

(23) *0301* - "*Св. Пантелејмон*"

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-21/1 од 101 година, во Централниот регистар запишан под бр. 12. 03. 1968, со матичен бр. 4-819-038/39 РНД.

Овој споменички комплекс е познат како Климентов манастир, со повеќе фази на градба. Со археолошките ископувања вршени 1943 и 1965 година е утврдено постоење на повеќе ранохристијански цркви што постоеле пред доаѓањето на Св. Климент во Охрид. Во рамките на ранохристијанската базилика, во IX век, Св. Климент ја обновил малата црква-триконхос, а по интензивирањето на црковниот живот за негово време, до неа е dосидана друга, со неправилна правоаголна форма. На горната страна од тој dосидан објект се наоѓа гробот на Св. Климент. Двете цркви подигнати од Св. Климент подоцна претрпуваат преправки. Во XV век климентовата црква е претворена во џамија, а во првата половина на XVI век, повторно е обновен климентовиот манастир (а џамијата срушена). Кон крајот на XVI или во почетокот на XVII век повторно е урната црквата и на нејзино место е изградена џамијата Имарет чии остатоци се сочувани до денес.

За заштита на овој значаен споменик на културата, во 1966 година е поставен монтажен кровен покривач. Меѓутоа тој е денес во лоша состојба и не ја врши својата функција, со што се загрозува внатрешноста на споменикот.

Потребни се итни зафати на привремениот кров и одредени интервенции врз другите содржини на објектот.

Забелешка: Исцело е возобновен храмот на Св. Климент и Св. Пантелејмон, истражено е и уредено неговото непосредно опкружување, а во тек е и уредувањето на поширокото окружување на локалитетот.

(24) *0302* "*Св. Богородица Перивлепта*" (*"Св. Климент"*)

Споменик на културата ставен под заштита на Законот со Решение бр. 07-19/1 од 12. 03. 1968 година, (ново решение) во Централниот регистар запишан под бр. 77, со матичен бр. 4-819-038/38 РНД.

Црквата е изградена во XIII век, живописана 1295 година од зографите Михајло и Ефтихие. Споменикот е значаен по својата архитектура, (начинот на градба) и особено по извонредниот живопис.

Овој споменик бил конзерваторски третиран во повеќе наврати: 1951/53, 1960/62, 1965, 1975/76, 1985/86, 1988 и 1991 година. Во поглед на архитектурата објектот е целосно заштитен. Меѓутоа сериозен проблем претставува процесот на шалитрација (појава на соли) на фреско - живописот.

1.12.2.Сообраќај во мирување - паркиралишта и катни гаражи

Јавните паркиралишта во градското подрачје се со капацитет од околу 1.000 места, а со подолжно паркирање долж улиците покрај 1.000 постојни можно е да се обезбеди место за и уште 2.000 нови. На тој начин се обезбедува простор за паркирање на околу 4.000 моторни возила.

Паркиралишта за тешки товарни возила предвидени се при северниот и западниот влез во градот, надвор од границите на градската територија, со соответно решен сообраќаен пристап до нив.

Катна гаража за 400 возила предвидена е во централното градско подрачје, на економскиот влез во Градското пазариште. Подземни јавни гаражи предвидени се во централното градско подрачје: на просторот на Спортскиот полигон, постојниот автобуски терминал, градското пазариште И други простори кои ќе се предвидат со деталните планови, при реализација на ГУП Охрид.

1.12.3.Бензински станици

Бројот на бензинските станици и нивната диспозиција се определени во склад со пропишаните радиуси на опслужување на постојните бензински станици и пропишаните радиуси за можно лоцирање на нови бензински станици.

Сервиси за поправка на моторни возила ги има во поголем број, дисперзирани се главно по индустриско-сервисните градски зони, но и во станбените зони. Најголемиот сервис е севисот на Галеб, во северниот дел на градот, а површините кои се ангажирани за неговата локација и изградените површини прикажани се во поглавието Секундарен сектор.

1.12.4. ЈП за патишта Македонија - пат, сместено е на влезот во градот од западниот правец и располага со манипулативен простор со натстрешници и гаражи за механизацијата .

1.12.5. Транспортни терминали

- **Автобуски терминали**

Автобускиот терминал ГТЛС лоциран во центарот на градот се предвидува да ја задржи својата диспозиција и основна функција – локален и приградски автобуски сообраќај, а да се дополни со нови содржини - деловни и трговски, со што во центарот на градот ќе се обезбедат нови комерцијални површини. Може да се смета дека истиот трајно ќе ја изгуби транспортната функција по комплетната изградба на новиот автобуски терминал АТ.

Автобуски терминал АТ се предвидува во просторот на старите гробишта. Истиот е планиран за меѓудржавен, меѓумесен, локален и приградски сообраќај. Во него можат да се сместат и дополнителни комерцијални содржини - трговија, сервиси и друго. Неговата диспозиција на крстосницата на влезните правци од Скопје, Битола и Св. Наум гарантираат ефикасни сообраќајни решенија. Од друга страна, центарот на градот ќе биде ослободен од автобускиот сообраќај.

Терминалите - постојките на локалниот автобуски сообраќај ќе се распоредат по територијата на градот според автобуските линии планирани од локалното сообраќајно претпријатие.

- **Терминал за воден сообраќај**

Сообраќајот на вода во наредниот период се очекува да стане меѓународен со отворање на бродска линија Охрид - Поградец, или Охрид - Струга - Поградец - Св. Наум, или некоја друга туристичка тура со која би се поврзале најатрактивните туристички пунктови на брегот на езерото. Покрај бродскиот сообраќај се очекува и зголемување на сообраќај со чамци, со спортски пловила, па дури и со луксузни пловила - јахти. Мора да се инсистира на промена на погонското гориво, бидејки има негативен ефект во процесот на еутрофикација на Езерото, односно да се постигне заштита на езерските води, дизел - горивото би требало да се замени со електричен или некој друг вид погон (растителни горива), односно да се користат **еколошки мотори**.

- **Терминал за воздушен сообраќај**

Потребите од воздушниот сообраќај населението и стопанството на Охридско - Струшкиот регион и поширокиот простор на Западна Македонија ги остваруваат преку Аеродромот Охрид. Овој аеродром технички и функционално е приспособен за прием на сите видови авиони, а неговиот капацитет е далеку над денешната искористеност. Истиот се користи од патниците од целиот југо-западен регион на Републиката.

Коридорот во кој е поставен аеродромот со својата целокупна инфраструктура е помеѓу градовите Охрид и Струга и представува едновремено и фактор на ограничување и фактор на интегрирање на двата града, поради што заслужува особен третман.

Главниот терминал на авиосообраќајот лоциран е во центарот на градот во рамките на терминалот за автобуски сообраќај, а претставништвата на агенциите на туроператорите во центарот на градот и во аеродромската зграда.

- **Терминал за железнички сообраќај**

Концепцијата за развој на железничкиот систем се базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничка мрежа на Република Македонија со соодветни мрежи на Реп ублика Бугарија и Република Албанија.
Планирано е во овој дел да поминува трасата на магистралната железничка линија од меѓународен карактер АЛ – Струга-Кичево-Скопје, и Требеништа-Косел- Битола,а со ПП на РМ од неа се одделува кракот Косел-Корча, по падините на Петрино.

1.13. Комунална инфраструктура

1.13.1. Водоснабдување

Напомена: Сегментот Воснабдување во овој ГУП базира врз Главниот проект за водоснабдување на Охрид и Струга кој е во тек на реализација од страна на МЈП ПРОАКВА - Охрид и Струга

Во Главниот проект за водоснабдувањена Охрид предвидени се низа мерки со кои Ќе се рехабилитира целиот водоснабдителен систем - од извориШтата и резервоарите до цевководите со цел да се отклонат недостатоците вооени во постојниот систем. Во однос на водоснабдувањето градот е поделен на три зони: источна страна, западна страна и градска мрежа. во секоја од зоните предвидени се и во тек на реализација се следните зафати:

Источна страна на Охрид

- Рехабилитација на изворите Летница
- Конструкција на нова каптажа кај Летница
- Замена на сите азбест-цементни цевководи од изворите до резервоарот
- РамнеНов цевковод од хидроцентралата Рамне до резервоарот Студенчишта
- Конструкција на нов резервоар со капацитет од 1.000 м3 кај Студенчишта на кота 753,5 мнв
- Сите придружни цевководи помеѓу постоечкиот и новиот резервоар;
- Нов РЕ 100 цевковод со дијаметар 600 мм, од новиот резервоар до дистрибутивната мрежа;

- Нов PE 100 цевковод со дијаметар 400 мм, од постојниот резервоар Студенчишта до новоформираната средна зона;
- Менување на цевководите помеѓу постојните пумпни станици на Студенчишта, бунарите Студенчишта и постојниот резервоар Студенчишта со цел да се овозможи водата да се пумпа во резервоарот, а да се прекине со пумпање на водата директно во мрежа
- Бушење на еден нов бунар во областа Бејбунар;
- Конструкција на нов резервоар со капацитет од 100 м3 со цел да се снабдува населбата Бејбунар;
- Нов PE 100 цевковод со дијаметар 100 мм, од хидроцентралата Рамне до резервоарот Бејбунар;

Западна страна на Охрид

Бушење на два нови бунари во областа Орман

- Конструкција на нов резервоар со капацитет од 1 000 м3 кај Орман
- Нов PE 100 цевковод со дијаметар 200 мм, од бунарите до новиот резервоар од 1 000 м3 кај Орман ;

Конструкција на нов резервоар со капацитет од 100 м3 и бустер пумпи со цел да се снабдува населбата Чекоштина;

Нов PE 100 цевковод со дијаметар 350 мм, од резервоарот Орман до градската дистрибутивна мрежа, кај раскрсницата на улиците Туристичка, Железничка и патот за Струга;

Градска мрежа

- Замена на азбест-цементни, PVC и поцинкувани цевки во должина од приближно 17 км;
- Зонирање на мрежата во три посебни зони: ниска, средна и висока; Намалување на притисокот во ниската зона;
- Конструкција на прстенест цевковод во мрежата;

Побарувачката за вода за пиење

Проценката за идната побарувачка за вода за жителите, туристите, индустријата комерцијалата и институционалните потрошувачи во градот и селата поврзани во заедничкиот систем се базира врз сниманите податоци за потрошувачка од 1999 година и проценката на потрошувачката во населбите со викенд-станови;

Проекција на побарувачката на вода извршена е за период до 2025 година, а за потребите на овој ГУП ќе се презентираат прогнозите за 2015 година:

- побарувачка на населението на градот Охрид 180 до 265 литри/ден
- побарувачка на населението на селата 128 литри/ден
- побарувачка на населението на викенд-станови 265 литри/ден
- побарувачка на гости на хотели и кампови 60 до 400 литри/ден
- комерцијална побарувачка (мали фирми и бизниси) од 13.708 м3/месечно

- индустриска побарувачка од 55.000 м3/месечно

Вкупно потребните количества на водата за снабдување на Охридскиот регион се големи, а за нивното обезбедување нужно е да се реализираат основните поставки на Главниот проект за водоснабдување. Од големо значение е чување на водните ресурси и нивната заштита од неконтролирана урбанизација како најагресивен загрозувач на истите.

1.13.2.Еколошка заштита на Охридското Езеро - канализација

Напомена: Сегментот Канализација во овој ГУП базира врз проектот ЕКОЛОШКА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО - ПРОЕКТ ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОХРИД И СТРУГА финансиран од владата на Република Германија, а чија реализација од страна на МЈП ПРОАКВА ОХРИД И СТРУГА Е во тек.

Фекална канализација

Основниот концепт на главниот колекторски систем е да ја насочува отпадната вода до централната прочистителна станица - според студијата за изведување изготвена во 1977 година. Овој концепт предвидува источниот и западниот колекторски систем да ја насочува отпадната вода до прочистителна станица во Враништа. Предвидено е отпадната вода да се собира од сите населби во регионот, како и од индустриските капацитети кои се директни загадувачи на езерото испуштајќи ја отпадната вода во него. Пред да се влева во Црн Дрим собраната отпадна вода треба да се третира според одредени параметри.

Примарната цел на овој проект е собирање на отпадните води од градовите, селските населби и туристичките локалитети што се наоѓаат околу Охридското Езеро, нивното пренесување и третирање во прочистителна станица во Враништа. За да се оствари истото, потребно е да се извршат следните зафати:

- Проширување на канализационата мрежа со цел да се опфатат селата на западниот брег на езерото;
- Проширување / рехабилитација на канализационата мрежа во Охрид
- Раздвојување на фекалната и атмосферската канализациона мрежа во Охрид;
- Проширување / рехабилитација на атмосферската канализациона мрежа во Охрид;
- Проширување / рехабилитација на фекалната канализациона мрежа во Струга;
- Проширување / рехабилитација на атмосферската канализациона мрежа во Охрид;
- Модернизација/ проширување на Прочистителната станица во Враништа;

И покрај големата должина на изведената сепарациона мрежа, потребно е нејзиното целосно сепарирање - изведба, односно реконструкција на мрежата во околина на ул. Абас Емин, проширување на деталната мрежата во УЗ Центар, зафаќање на отпадните води од Болничкиот комплекс, пренасочување од ул. Питу Гули, Марко Цепенков, Даме Груев, дооформување на деталните мрежи во УЗ 15. Корпус, Радоица Новичич и др. Основите поставени со Проектот за заштита на Охридското Езеро даваат можности за сите овие активности. Како материјал за проширување на мрежата да се употребува PVC и полиетиленски цевки. Да се одбегнува употребата на азбестни цевки.

Атмосферска канализација

Проектираниот пристап на системот за атмосферска канализација во овој проект е од аспект на потребата да се обезбеди еколошки безбедно и економски оправдано депонирање на собраната атмосферска вода. Исто така се однесува и на потребата за одвојување на истата од фекалната канализација каде е тоа можно.

Приливот на атмосферската вода е пресметан врз основ на факторите кои произлегуваат од состојбата на теренот. Неговиот интензитет се утврдува како двегодишна веројатност на 10 минутен дожд со интензитет од 120 l/s/ha.

Основата за решавање на проблемот на атмосферските води останува ист: како реципиент и понатака останува Охридското Езеро. Западниот дел од градот атмосферските води ќе ги одведува преку затворени канали што одат по течението на реката Грашница и нејзините краци - по улиците Аџи Мустафа, Бистрица, Јабланица и Пере Тошев, а источниот дел од градот преку цевководите по Булеварот Туристичка и влезовите во Езерото по улиците Македонски просветители, Први Мај, Јане Сандански и Булевар АСНОМ. Како најприоритетна следна активност е проширувањето на собирниот цевковод по ул. Абас Емин, Пирин Планина и Болничкиот комплекс.

Основнитите потези од проектот ЕКОЛОШКА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО - ПРОЕКТ ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОХРИД И СТРУГА се реализирани, но треба да се довршат.

Со цел да се избегне транспортот на значителни количества на атмосферска вода (во ранг од 1,5 м3/s) низ главните улици на централното градско подрачје, вдолж Булеварот Туристичка проектиран е цевковод како главен колектор на реонот помеѓу Туристичка и северниот дренажен канал. Кај соответни локации блиску до канализационите линии проектирани се преливни комори кои ќе го собираат ударното количество дождовна вода и седимент во одводните канали. Со ова ќе се осигура сепарирање на иницијалното количество нечиста вода од површината, нејзин транспорт и третирање во прочистителната станица во Враништа. Имајќи пред вид дека повеќето од малите улици немаат тротоари, може да се очекуваат преголеми количества на крупен песок во дренажниот систем, поради што се

наложува често чистење на системот, понекогаш и после секое поголемо невреме.

Во согласност со набележаните цели на Проектот, постојната одводна цевка од ф 150 мм на Булеварот Туристичка се заменува со 1 000 мм главна дренажна цевка, со што се овозможува потребното празнење на реонот помеѓу Туристичка и северниот дренажен канал.

Во централното градско подрачје и Стариот Град главниот дренажен колектор е на ул. Македонски Просветители е поранешниот фекален колектор од кој се одстранети сите приклучоци кои се спроведени во нов изграден фекален колектор, а за потребите на Стариот дел на градот на другата страна на оваа улица изграден е нов дренажен колектор од кој собраната вода ќе се излива во езерото. Постоечката 500 мм канализациона линија долж кејот ја прима зегадената вода и ја испушта во главниот колектор кој оди во прифатната станица Охрид 1.

Особено важна е сепарацијата на отпадните води од колекторот по Кејот по кои треба да се зафаќаат првите атмосферски води кои треба да се третираат како загадени отпадни води, т.е.потегот пристаниште – Студенчишки канал. Досегашниот колектор за фекални води се напушта со новата концепција и понатака предвидено е да служи како реципиент на зафаќање на загадени атмосверски води, кои по прекинот на дождот ќе се препумпува во постојната фекална канализација. На останатиот дел ќе истекува во Езерото како што е предвидено со планот преку постојните природни водотеци како што е и досега. Колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро е исклучиво наменет и така димензиониран да ги зафаќа отпадните индустриски води и фекалните отпадни води.

Материјалот за изведба на мрежата да биде современ, атестиран - PVC и полиетилен.

Неопходен предуслов за успешна реализација на ЕКОЛОШКА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО - ПРОЕКТ ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОХРИД И СТРУГА е подигање на свеста на граѓаните како главни корисници, но и загадувачи на Системот.

1.13.3. Површински водотеци

На територијата на градот Охрид постојат три реки со стален проток на вода: реката Даљан (Коселска Река), реката Грашница (Летница, Сушица), Студенчишката Река и поројот Рача.

Реката Даљан е најголема од нив, има поголемо количество на вода и подолг речен ток. Таа извира под Плаќенската Планина и по должината на својот тек носи имиња на населените места покрај кои протечува - Свинишка Река, Опеничка Река, Коселска Река и пред вливот во Охридското Езеро - Даљан. Таа е поројна река. Пороите од сливот толку и го насипуваат коритото со наноси што постојано го издигаат, така што станало сосема плитко, па при голем водостој се случуваат и поплави во атарите на селата каде поминува.

Заштитата на коритото се врши со опсежни мерки во кои доминира пошумувањето на ерозивните површини од кои се свлекува материјалот, но директните заштитни мерки - регулацијата на реката Даљан, особено нејзиното корито низ територијата на градот, сеуште не се планирани. Дотолку повеќе што таа по целото свое течение низ територијата на градот представува и граница на урбаниот опфат, што наложува преземање на конкретни мерки за заштита на крајбрежните простори. Со оглед на фактот што не постои техничка документација за регулација на Даљан, во овој ГУП ќе се предвиди ширината на коридорот низ кој треба да помине регулираното корито.

Со цел да се заштити територијата на градот од опасноста која представуваат нерегулираните водотеци кои минуваат низ неа, а особено од реката Летница - Грашница, нужно се наметнува нивната регулација. Овој проблем согледан е пред повеќе години и од страна на меродавните институции превземени се соответни активности - проектирање на техничката документација како основ за изведување на хидротехнички зафати на регилирањето. Оваа техничка документација базирана е врз ОУП за Охрид од 1973 година според кој реката Летница како потенцијално најагресивна се предвидува да добие ново корито и наместо во Охридското Езеро да се влива во реката Даљан во близина на населеното место Орман. На тој начин сите краци на оваа река кои поминуваат низ територијата на градот би се елиминирале, а нивното корито би се искористило за други урбани содржини. Регулираното корито на Летница низ градската територија се предвидува да биде армирано-бетонско со два профили со вкупна ширина од 6,40 и 7,40 м, а надвор од градската територија профилот е 26,80 м, комбиниран од зидани страници и монтажно армирано-бетонско корито. Сите профили се предвидени за мали (летни) води и за големи (пролетни) води. Покрај јужното корито на реката надвор од градот се предвидува заштитен насип со колски пат.
Регулацијата на поројот Рача извршена е во 60-тите години на XX век и тоа во долниот тек и во главните корита - во двата крака, како и во активните притоки. Објектите предвидени во главните корита и притоките имаат за цел да ја намалат поројноста, а предвидената кинета во долниот тек да го заштити регионалниот пат и обработливото земјиште од пороен нанос. Кинетата - коритото е од ломен камен зидан во цементен малтер.

1.13.4. Електроенергетски системи

Во електроенергетиката дефинирани се следните цели на развојот:

- усогласување на стопанскиот развој со развојот на електропреносната мрежа на градот врз основа на реални енергетски и финансиски можности;
- преструктуирање на стопанството на производни процеси и технологии кои обезбедуваат ист стопански производ со помала потрошувачка на елетрична енергија
- подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електроенергетската мрежа преку зајакнување на интерконективните врски;

- комплементираност и временско ускладување на градбата на електроенергетската мрежа со супраструктурата;
- урамнотежување на потрошувачката и дистрибуцијата на електричната енергија во сите делови од градот;
- рационално и оптимално искористување на електроенергетската мрежа;
- ускладување на развојот на електроенергетскиот систем на градот со вкупниот електроенергетски систем на Македонија.

Планирана потрошувачка

За определување на идната потрошувачка на електрична енергија анализирани се податоци за потрошувачката на електрична енергија во изминатите 12 години. При математичкото моделирање на потрошувачката како независно променливата величина е прогнозата на населението во Охрид до 2012 година.

Планирана потрошувачка на електрична енергија во општина Охрид:

година	вк. потрошувачка GWh	висок напон GWh	низок напон GWh
2000	170,42818	28,044606	142,383574
2012	383,4633	63,1003	320,3630

За планскиот период 2000-2012 година потрошувачката на ниво на општина Охрид ќе ги има следните атрибути:

вкупната потрошувачка на електрична енергија е поголема за 2,24 пати
потрошувачката на висок напон е поголема за 2,24 пати
потрошувачката на низок напон е поголема за 2,24 пати.

Паралелно, планирано е зголемување и на ангажираните (максимални) моќности на ниво на општината во период до 2012 година.

Планирана ангажирана моќност во општината:

година	2000	2010
ангажирана (максимална) моќност (MW)	42	66

Со предвидениот пораст на потрошувачката на електрична енергија и инсталирани моќности се планира и зголемување на специфичната потрошувачка на електрична ебергија на домаќинство и жител.

Електро преносна дистрибутивна мрежа

Развојот на електропреносната мрежа треба да го прати вкупниот планиран развој на потрошувачката на електрична енергија. Планирани се следните измени во електродистрибутивниот систем:

- Трафостаници 110 KV - до 2012 година нема потреба од изградба на нова ТС
- Трафостаници 35 KV KV - до 2012 година нема потреба од изградба на нова ТС
- Трафостаници 10/0,4 КВ - се предвидува изградба на нови трафостаници
- Електроводови 110 KV и 35 KV - се предвидува само реконструкција
- Електроводови 10 KV - се планира изградба на нови водови, реконструкција на старите (замена на воздушни со кабловски) и замена на стари кабловски врски помеѓу

1.13.5. Телекомуникациски системи и кабловска телевизија

Согласно генералната определба на ниво на државата, развојните потреби и материјалните можности најновите техничко - технолошки достигнувања ќе бидат непосредно применети во телекомуникациониот систем и кабловската телевизија.

Заради намалување на прекините во ТТ сообраќајот во идниот период предвидена е изградба на кабловска ТФ мрежа како замена за постојната воздушна ТФ мрежа.

За наредните 10 години не е предвидена изградба на истурен степен во градот Охрид.

1.13.6.Гасоводен систем

Во реализација на мрежата на гасоводниот систем на Република Македонија, се предвидува и магистрален гасовод кој ќе ги опфаќа јужните делови на Републиката и преку Струмица, Кавадарци, Прилеп, Охрид и Струга ќе се поврзи со соседна Албанија.
За идниот период планиран е и Балкански навтовод – продуктовод Бургас – Драч кој ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга.

1.13.7. Пазари

Главното градско пазариште сместено на поволна локација во центарот на градот и понатака ќе ја задржи истата позиција и граници. Локални пазари се планираат по Урбаните заедници подалеку од центарот на градот: УЗ 1 Видобишта, УЗ 2 Воска, УЗ 9 Радоица Новичич, УЗ 12 - 15. Корпус и УЗ 13 Железничка. Главното градско пазариште е конципирано и уредено по принципите на современата трговија: се состои од зелениот пазар во наткриени продажни боксови или на отворено и од затворениот продажен простор за млечни и месни производи, колонијал и друга стока. Пешачките пристапи кон пазаришето обезбедени се од повеќе правци, а економски пристап за возилата за снабдување е само еден, а до него е јавниот паркинг над кој се предлага катна гаража за околу 200 возила.

Локалните пазаришта по центрите на Урбаните заедници не се замислени во класична форма - тие ќе се организираат во одредени периоди на денот на уредени, отворени простори , кои после тоа ќе функционираат како простори за одмор и рекреација. Вакво функционирање подразбира добра санитарно - комунална организираност на службите кои ќе стопанисуваат со локалните пазарчиња. Нивните површини внесени се во пешачките сообраќајни површини и не се прикажуваат во површините на пазариштата.

1.13.8. Гробишта

Градските гробишта лоцирани се во северниот дел на градската територија. Местоположбата на гробиштата во однос на станбените делови на градот е поволна, дистанците се лесно совладливи дури и за пешаци, а обезбедени се и доволни површини за санитарното заштитно зеленило. Гробиштата се користат од сите конфесии од христијанската и исламската вероисповед. Површината потребна за планираниот број жители се формира според нормативот 4,0 м2 површина / жител, што значи дека за 44.500 жители во 2012 година ќе бидат потребни:

44.500 жители x 4 м2/жител = 178 000 м2

Постојната површина 12,11 Ха не ги задоволува минималните стандарди , поради што за градските гробишта се определува нова површина кон исток, се до постојниот локален пат кој ќе представува источна граница на комплексот. Кон север и кон југ предвидени се зелени заштитни појаси од кои дел во наредниот период може да биде искористен и за проширување на гробиштата.

1.13.9. Евакуација на сметот

Анализата на погодноста покажува дека локацијата Буково како сегашна општинска депонија на смет е поволна. Со цел да се оствари безбедно депонирање на сметот потребно е локацијата задолжително да се уреди и соответно опреми, да се применува стандардната постапка за санитарно депонирање која се состои од компактирање на отпадот, дневно прекривање, евакуација на атмосферските води, филтратот од телото на депонијата и отпадните гасови кои се резултат на анаеробното разградување на органските материи и како најважно - рекултивација на завршните слоеви.

Трајното решавање на евакуацијата на сметот од целиот регион ќе уследи со реализацијата на планските поставки на Просторниот план на Република Македонија според кои се предвидуваат регионални санитарни депонии по опретивни гравитациони зони. Во Охридско-Струшката оперативна гравитациона зона се опфатени општините Охрид, Струга, Белчишта, Косел, Мешеишта, Луково, Делогожда, Велешта, Лабуништа и Вевчани, а за неа се определува поширока зона на меѓата меѓу општините Струга и Велешта, покрај патот Р - 418. Во исто време да се рекултивираат неуредените концентрирани депонии во месноста Буково и Струшката депонија што е изложена на јаки ветрови.

Во секоја зона ќе функционира системот за прибирање, селекција, предтретман,евиденција и декларација на составот, количините, тренспортот, манипулацијата и депонирањето на една санитарна депонија за инертен цврст и делумно штетен отпад.
Депонијата за градежниот отпад - шут и друг габаритен отпад определена е во локалитетот Габавци и нужно е целосно да се уреди. Таа е оддалечена 3 км од границата на градот, сместена е во природна увала со поволни природни карактеристики, а до неа треба да се изгради прописна сообраќајница.

2. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

2.1. Уредување на градот по Урбани заедници и урбани блокови

Изготвениот Генерален урбанистички план - ГУП за градот Охрид, е основен плански документ со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територијална поделба на Урбани заедници и урбани блокови.

Во Урбаните заедници, односно во Урбаните блокови, извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена за домувањето и сите содржини што го пратат, општествениот сектор, јавните функции, стопанството, зеленилото, спортот и рекреацијата, сообраќајот и другите инфраструктурни системи (Графички приказ 02). Биланските показатели во него содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот (Сл.весник бр. 51/2005).

Графичките прикази и биланските показатели го почитуваат и се изработени на основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (2/2002 И 50/2003). Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и градителско наследство.

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Охрид е основа за изработка на плановите од пониско ниво - Детални урбанистички планови за Урбани заедници од УЗ 1 до УЗ 18, односно Урбаните блокови од УБ 1.1. до УБ 18.2. – вкупно 73. Тој ги определува границите на градската територија, Урбаните заедници и урбаните блокови главно по природните граници (брегот на езерото и водотеците), сообраќајниците и во некои случаи по границите на катастарските парцели. Условите за градба ќе ги определува надлежната служба при локалната самоуправа на општината врз основа на усвоениот ГУП, за изградба, доградба, надградба и реконструкција и изведување на други работи во рамките на урбаните блокови, со изработка на Детални урбанистички планови за урбаните блокови.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво усогласен е со Просторниот план на Р. Македонија.

2.2. Основни параметри за уредување на просторот

- Со **регулационата линија** се разграничува земјиштето на урбаниот модул за определена намена, односно подрачјето за градење (урбанистички парцели) од земјиштето наменето за општ интерес (јавни, сообраќајни и други површини).

- Со **градежната линија** се ограничува површината за градба на објекти во рамките на урбанистичка парцела и се назначува растојанието од регулационата линија (главна надворешна градежна линија), односно од границата на парцелата (помошни внатрешни градежни линии). Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, дистанцата помеѓу градежните линии и работ на коловозот е во зависност од рангот на улицата и начинит на градбата, при што при урбаната обнова вредностите се значително помали:

  кај магистралните улици 20,00 м. (5,00 м)
  кај собирните улици 15,00 м. (3,00 м)
  кај сервисните улици 10,00 м. (3,00 м)

- Параметрите во однос на **процентот на изграденост,** како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** се во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект, според архитектонско-урбанистичката концепција на решението.
- **Висините на објектите** наменети за домување да бидат примерени на големината на градот, на традицијата во градењето објекти при што се почитувале правата на секој објект на визура и инсолација (према Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот).
- Потребно е итно усогласување на постојните Детални урбанистички планови, односно изработка на нови за простори кои сеуште не се покриени со нив, со донесениот ГУП за градот. Особено внимание притоа да се посвети на зоните под строга заштита и контактните зони .
- **2.3. Параметри за уредување на просторот определен за домување**
- Во целото крајбрежје предвидени се потези домување со хотелиерство , со што се реализира една од насоките на Програмата за изработка на овој План ;
- Во зоните со доминантна содржина домување покрај улиците предвидени се потези - мешовито домување со комерцијални (терцијални) содржини ;
- Во зоните со доминантна содржина домување се предвидуваат комерцијални содржини, рекреативни содржини, како и сл.содржини

што го пратат домувањето и се во склоп на урбанистичките парцели или во посебни парцели, како самостојни објекти. При реализацијата на ГУП Охрид, односно при уредување на просторот и изработката на Деталните урбанистички планови, иако не се во обележаните зони под услов да се почитуваат мерките за заштита на окружувањето може да се предвидат наброените содржини.

2.4. Параметри за уредување на просторот определен за општествен стандард

- Сите содржини од областа на општествениот стандард програмирани се врз база на стандардите пропишани за секоја содржина поединечно. Зоните определени за овие содржини нужно е да се резервираат за наредните плански периоди доколку нивната реализација не е можна до крајот на овој плански период;

2.5. Параметри за уредување на просторот определен за стопанство

- Зони со терцијарни - комерцијални содржини предвидени се главно долж магистралните улици и во зоните со секундарни стопански содржини - во контактните зони долж улиците
- Во постојните зоните за секундарно стопанство интерполирани се зони за терцијално стопанство или мало стопанство. Нови зони за секундарно стопанство определени се во северниот дел на градот, при што се почитувани мерките за заштита на животната средина.

2.6. Параметри за уредување на просторот определен за спорт и рекреација

- во рамките на Спортскиот Центар да се предвидат и пропратни содржини со кои ќе се комплетира понудата: хотели, трговски и угостителски локали, локали за забава и други отворени и изградени површини во функција на основната намена;

2.7. Параметри за уредување на просторот определен за сообраќај и сообраќајна инфраструктура

- Сите нови улици од примарната градска мрежа да се реализираат согласно на профилите предвидени со овој План, а постојните при нивната реконструкција да се прилагодат на овие профили во максимално можна мерка. На тој начин ќе се обезбеди подолжно паркирање за голем број возила, но едновремено и можност за формирање дрвореди и велосипедски патеки предвидени во тротоарите на улиците;

2.8. Мерки за заштита на животна средина

- При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина,** главно преку оформувањето на зелените површини, а поконкретно разработени на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект.
- Горенаведените параметри укажуваат на дозволена изграденост во Урбаните блокови што овозможуваат уредување на просторот со

партерни елементи, урбана опрема, богати зелени површини, паркирање и друго.

- Со цел да се спречат **архитектонските бариери** при движење на инвалидизирани лица се предвидува пред секоја денивелација на тротоарите, пешачките патеки, партерите, како и влезовите во јавните и објектите за домување, да се постават рампи за движење на инвалидски колички и посебни возила.
- Настанатите општествено - политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметнаа потребата од измени во областа на **одбраната и засолнувањето**. Донесените законски и подзаконски акти со кои начелно се регулира проблематиката на засолништата во "Република Македонија се:
  -Законот за одбрана (Сл.весник на РМ бр. 8/93);
  -Уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 81/92);
  -Правилникот за определување на висината на средствата потребни за изградба на засолништа и начинот и рокот на плаќањето односно враќањето на овие средства (посебен Сл.весник на РМ бр. 11/93);
  -Уредба за изменување на уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 12/98), со која во уредбата од (Сл.весник на РМ бр. 81/92) во член 2 алинеа 1, ги дава критериумите за обезбедување со објекти за засолнување. За заштита од воени разурнувања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби.

По однос на **заштита од природни непогоди**, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области.

По однос на **технолошките непогоди**, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.

- Согласно член 9 од **Законот за заштита од пожари** (Сл.весник на РМ бр. 43/86), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:
  Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
  Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарни возила.
- Во Охрид се наоѓа противпожарна единица која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е најмногу 10 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.
- Со Планот за водоводна инфраструктура -дел од овој ГУП - предвидена е мрежа на надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење на пожар.

3. БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ НА ГРАДОТ ВО ПЛАНИРАНИ ГРАНИЦИ

Содржина	Површина Ха	Учество %
Домување • **Домување** • **Домување со терцијални дејности** • **Домување со хотелиерство**	**744.64** 465.63 187.85 91.16	**58.25**
Општествен стандард	**50.29**	**3,93**
• **Образование**	10.46	
• **Наука**	1,78	
• **Здравство**	9,04	
• **Социјална заштита**	11.81	
• **Култура**	3.71	
• **Духовна култура** • **Локален центар** • **Археолошки локалитет**	3.41 9.83 0.25	
Државна управа, правосудство **Локална самоуправа**	**3,89**	**0,30**
Стопанство	**165.13**	**12,92**
• **Примарен сектор**	10.70	
• **Секундарен сектор**	40.46	
• **Терцијарен сектор** • **Мало стопанство** • **Хотелиерство, угостителство**	40.44 26.93 21.48	
• **Специјална намена**	25.12	
Зеленило, спорт и рекреација	**138.31**	**10.82**
- специјално зеленило-Блато	51.55	
- јавно зеленило	21.75	
-заштитно зеленило	48.54	
• **спорт и рекреација**	16.47	
Сообраќај и сообраќајна инфраструктура	**147.38**	**11.53**
• **улици и тротоари** • **пешачки улици и плоштади**	141.13	
• **катна гаража**	0,18	
• **автобуски терминали**	2.36	
• **бензински станици**	2,45	
• **ЈП за патишта Македонија-пат**	1.26	
Комунална инфраструктура	**28,75**	**2,25**
• **комунални дејности** • **градско пазариште** • **градски гробишта**	2.10 0.72 16,65	
• **топлана**	1,53	
• **електро системи**	1.26	
• **комуникацијски системи**	0,38	
• **реки**	6.11	
ВКУПНО	**1.283.39**	**100,00**

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ НА ПЛАНОТ

Вкупна површина на опфатот	**1.283.39 Ха**
Вкупен планиран број на жители:	**44.500**
Вкупен планиран број на станови :	**18.720**
Вкупна планирана станбена површина:	**1.453.548 м2**
Просечна површина по стан:	**77,73 м2/стан**
Просечна станбена површина по жител:	**32,66 м2/жител**
Бруто густина на домување:	**34,67 ж/Ха**
Нето густина на домување:	**59.76 ж/Ха**

ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ - СКИЦА ОД ИЗВРШЕНО ПРЕМЕРУВАЊЕ

Трговско друштво за геодетски работи и услуги
ГЕО ПОИНТ ДООЕЛ Скопје
Ул.Орце Николов бр.144/1-2, Скопје

Катастарска општина: Охрид 4

Прегледна скица



ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ на ГУП 146927.01m² (14.69ха)

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ на ДУП 29967.75m² (3.00ха)

Скопје 26.02.2023

Изготвил:

*О*Оливер Михајловски,*дипл.геод.инж.*

Architekt•r

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ

БУЛ.8-МИ СЕПТЕМВРИ БР.4/1-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

НАРАЧАТЕЛ:
ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ Скопје

ПЛАН:
Планска програма за изработка на Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид во обединета постапка

ПРИЛОГ:
Граница на плански опфати на ажурирана геодетска подлога

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.и.а,овластување бр. 0.0441

СОРАБОТНИЦИ:
Никола Транталовски, д.и.а, овластување бр.0.0662
Благица Атанасова, д.и.а.

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	мај, 2024	1:5000	01



Легенда на топографски знаци

ЛЕГЕНДА

- железно - бетонска ограда
- жичена ограда
- бетонски подпорен ѕид
- граница на парцела од катастарски план
- граница на објект од катастарски план
- асфалтна улица
- земен пат
- канавица
- помошни линии
- брзник
- канал
- бетонски пропуст под пат
- правец на водотек
- река
- правец од даленовод
- граница на опфат за експропријација
- објекти и дејствија (фактичка состојба)
- голем рабник
- мост
- апсолутни надморски висини
- 3684 - број на катастарска парцела
- 1 - број на објект во катастарска парцела
- шахти
- слепник
- трафо
- бетонски електричен столб
- дрвен електричен столб
- светлосен столб
- скали
- „затворен“
- „паркинг“
- „дрво“
- бетонска плоча
- споменик
- чешма за вода
- „собирален знак“
- „билборд“

Изработил:

Оливер Михајловски, дипл.геод.инж.

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ на ГУП 146927.01m² (14.69ха)
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ на ДУП 29967.75m² (3.00ха)

Architekt-r

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ИСКЕРИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ

БУЛ.Б.МИ ОСТРОВСКИ БР.41-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.01112

ИНВЕСТИТОР:
ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ Скопје

ПЛАН:
Планска програма за изработка на Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид во обединета постапка

НАСЛОВ:
Граница на плански опфати на ажурирана геодетска подлога

ГЕОДЕТСКИ ПОТПИСНИК:
Ивана Стојчиковска, д.е.а.геодезија бр. 0.0441
ГОДЕЗИСКИ ПОТПИСНИК:
Никола Транталовски, д.е.а. геодезија бр.0.0962
Блажица Атанасова, д.е.а.

ОДГОВОРЕН АРХИТЕКТ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ПЛ. БРОЈ:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	мај, 2024	1:1000	02